# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери

ЕЛЕМ ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 71 www.szpm.org.mk; e-mail: kontakt@szpm.org.mk

Година IV, број 40 ISSN 1857-7660 25 ноември 2011 година


# Три средби во пријатна работна атмосвера

На 1 ноември Извршниот одбор, Собранието и претседателите на здруженијата на пензионери и претседателките на активите на пензионерки одржаа



три конструктивни средби во убавото и легендарно Крушево. За прв пат СЗПМ одржа седници надвор од Скопје и тоа во Крушево, каде што и покрај масовноста беа создадени непречени услови за одржувањето на овие значајни собири на пензионерите.

Најпрвин седница одржа Извршниот одбор при што даде мошне позитивна оцена за достојното одбележување на 65–годишнината на пензионерското организирање во Македонија и 20–годишнината на самостојна и независна Република Македонија, со свечена академија на 20 септември во Домот на АРМ во Скопје на која свои обраќања имаа претседателот на државата, министерот за труд и социјална политика и претседателот на СЗПМ. Поволни искажувања имаше и за пригодните свечености кои се одржаа и во повеќе градови во нашата држава. Извршниот одбор даде позитивна оцена и за 16–тите републички пензионерски спортски натпревари што се одржаа во кампот Ливадишта кај Струга, како и за 9–тите регионални ревии на песна, музика и игри. Наедно беше разгледан Правилникот за ревиите на песна, музика и игри кој е даден на јавна расправа по здруженијата.

Беше одржан и состанок со претседателите на здруженијата на пензионери и со претседателките на активите на пензионерки. По обемна и плодна дискусија се заклучи – активите на пензионерките да дејствуваат во составот на здруженијата, како и досега, со акцент на социјално–хуманитарната компонента, но да учествуваат и во сите други активности на здруженијата.

На седницата на Собранието на СЗПМ, која беше трета по ред, присуствуваа претседателите на сите здруженија на пензионери при што импресивно беше обраќањето на претседателот Драги Аргировски за активностите и состојбите во изминатите седум месеци, периодот откога е тој на чело на СЗПМ. Во своето излагање тој потенцираше дека благодарејќи на колективниот дух во раководењето, како и на интерактивното дејствување со здруженијата за овој краток временски интервал со седум нови дејности со кои се подигна нивото на квалитетот на работата, а кои многу добро се прифатени од многубројното членство. Еден од тие е Правилникот за работа на Комисијата за арбитража на СЗПМ кој беше едногласно усвоен на седницата на Собранието.

Повод за радост и аплаузи беше и донесувањето на одлуката за прием, поточно за враќањето на Здружението на пензионерите на Битола за членка на СЗПМ.

Свечен тон на седницата на Собранието со претседателите на здруженијата на пензионерите од Македонија, како и на другите средби во целина им даде и доделувањето на јубилејните благодарници на здруженија и истакнати поединци за нивниот придонес во работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Седниците и состаноците водени експедитивно и рационално од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски завршија до 14 часот со цел да можат гостите навреме да се вратат во своите градови. Претставниците од пензионерските здруженија речиси од сите градови во нашата земја убавото време го искористија и да го разгледаат историското Крушево и да ја посетат Спомен–куќата на македонската музичка ѕвезда Тоше Проески, која поради својата атрактивност и функционалност ја доби првата награда на светскиот архитектски фестивал во Барселона.

Пензионерските средби во Крушево дадоа нов поттик за збогатени активности на здруженијата и на Сојузот во целина, но и покажаа дека е добро и корисно вакви средби да се прават и во други градови, а не само во Скопје, со што ќе се активираат и ќе се чувствуваат задоволно и ангажирано здруженијата домаќини.

За организираноста на средбите во Крушево со најголеми честитки и благодарност на домаќините, на ЗП Крушево.

**Калина С.Андонова**







## ВО ОВОЈ БРОЈ...


ЗАКЛУЧОЦИ ОД КРУШЕВО стр. 2

АКТУЕЛНОСТИ стр. 4

ИНФО стр. 5

СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ВО РАДОВИШ



стр. 6

ЛЕКОВИ БЕЗ ДОПЛАТА стр. 7, 8 и 9

СРЕДБА ЗА ПАМЕТЕЊЕ



стр. 11

ИНТЕРВЈУ СО Д-Р ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ



стр. 12

РЕДОВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ стр. 13

ЗА ПОДДРШКА НА „МАКЕДОНИУМОТ“



стр. 9

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 16

ЗДРАВСТВО стр. 15

ЗАБАВА стр. 19

ВИДИЦИ стр. 20

Седма седница на Извршен одбор на СЗПМ

# Позитивни оцени за свечената академија, спортската манифестација и ревиите

На 1 ноември 2011 година во Домот на пензионерите во Крушево се одржа седмата седница на Извршниот одбор на СЗПМ. На седницата присуствуваа сите членови на Извршниот одбор, а беа присутни и Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ, Доне Николовски, претседател на Надзорниот одбор, Стамен Филипов, претседател на Правно–економскиот форум, Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт, Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за култура, Калина С. Андонова, претседател на Комисијата за информирање, Стево Бојаџиев и Томе Илиевски од ЗП Битола, Ѓорѓи Трпчески од ЗП Охрид и Крсто Стојановски и Никола Николовски од ЗП Крушево, како и претставници на медиумите.

За одбележувањето на 65 годишнината од пензионерското организирање во Македонија се осврна претседателот на Одборот за јубилејот Драги Аргировски, истакнувајќи го значењето на квалитетно одржаната Свечена академија на која говореа претседателот на РМ проф. д–р Ѓорге Иванов и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски. Салата на Домот на АРМ беше добиена без надомест, а на свеченоста присуствуваа околу 750 пензионери од сите здруженија во нашата држава и гости од Сојузите на пензионерите од Хрватска, Словенија и Србија. Во пригодната програма успешно настапија хоровите на ЗП Гази Баба, Тетово и Прилеп, гајдаџиите од ЗП Пробиштип и ансамблот на ЗП Куманово, како и пензионираните естрадни уметници Виолета Томовска и Захаринка Милосавлевиќ.



Поднесениот извештај за 16–тите Републички пензионерски спортски натпревари што се одржаа во Ливадиште кај Струга се оцени како сеопфатен и позитивен, за што говореа Ѓорѓи Трпчески и Јован Евтимов, а Спиро Николовски ја приложи својата дискусија. Драги Аргировски и Бесник Поцеста давајќи позитивна оцена за манифестацијата изнесоа дека од оправдани причини на отворањето на средбата во Ливадишта не присуствуваше градоначалникот на општина Струга. Тие се заложија и за изготвување на нов Правилник за спортските игри.

Извештај за 9–тите регионални ревии на песни, музика и игри поднесе Милевка Здравковска, нов претседател на Комисијата за култура на ИО на СЗПМ , при што нагласи дека овој пат на ревиите учествувале 43 здруженија, што е посебен рекорд и дека е постигнат подобар квалитет на настапите, а ЗП Валандово, на воените пензионери во Скопје, на Крива Паланка, Кичево и Македонска Каменица се истакнале како добри домаќини. Во дискусијата Ѓорѓи Серафимов ги поддржа оцените и предложи Комисијата да подготви посебен извештај за ревиите.

За правилникот за арбитража уводни напомени даде Станка Трајкова, секретар на ИО и главен подготвувач на Предлог– Правилникот изнесувајќи дека сите конструктивни предлози од јавната дискусија се инкорпорирани во конечната верзија на документот. Рамиз Ќазимовски нагласи дека подготвувањето на Правилникот за работа на Комисијата за арбитража е нов успех на новото раководство на СЗПМ, а поддршка дадоа и Илија Адамоски, Ѓорге Андонов и Доне Николовски.

На седницата беше усвоен и Предлог Правилникот за ревии на песни, музика и игри што го подготви Комисијата за култура кој е даден на јавна расправа во здруженијата, а која ќе трае до крајот на месец ноември 2011 година.

За нов член на Правно–економскиот форум едногласно е избран



Станко Сипковски од ЗП Битола, а за нови членови на Комисијата за културно–забавен живот Цветанка Ангеловска од ЗП Битола и Вања Марковска од ЗП Ѓорче Петров.

Се донесе одлука компјутерот што СЗПМ го доби како подарок од „Макпетрол" да биде даден на ЗП Ново Село.

Беше усвоен ценовник за рекламирање во „Пензионер плус", со еден глас против.

Се заклучи Предлогот за времено финансирање на СЗПМ за првите три месеци на 2012 година да се усвои на седницата на Собранието.

Целата седница помина во работна и конструктивна атмосфера.

**К.С.А.**

# Заеднички состанок на претседателите на ЗП и на претседателките на активите на пензионерки

На 1 ноември 2011 година во Домот на пензионерите во Крушево се одржа за прв пат состанок на претседателите на здруженијата на пензионери и на претседателките на активите на пензионерки. Состанокот беше свикан со цел да се направи договор за единствени заеднички програмски активности во наредната 2012 година.



Најнапред уводни излагања имаа Методија Тошевски потпретседател и Станка Трајкова, секретар на ИО, а во дискусијата учествуваа Глигор Ангеловски од Крушево, Нијази Џељиљи и Вадије Зендели од Гостивар, Ружа Балеска од Охрид, Надежда Давкова од Чаир и Бутел – Скопје, Љупчо Ангеловски од Кратово, Софија Симовска од Тетово, Неделка Ѓорѓиева од Велес и Марија Илијевска од Гази Баба – Скопје.

Во дискусиите беше истакнато дека реализацијата на програмите се одвива според зацртаните планови, дека проблемите кои повремено се јавуваат се решаваат на општо задоволство на сите, а како проблем беше посочено ажурирањето на списоците на членовите на здруженијата. Беше предложено да се формира комисија која ќе ја разгледа состојбата со пензионерските и старските домови во Македонија и слично...

На состанокот беа усвоени заклучоци за начинот на интегрирање на работата на активите во програмите и активностите на здруженијата на пензионери

**К.С.А.**

Трета седница на Собранието на СЗПМ

# Забележителни постигања



На третата седница на Собранието на СЗПМ која се одржа на 1 ноември 2011 година во Домот на пензионерите во Крушево присуствуваа и претседатели на здруженијата на пензионерите–членки на СЗПМ. На седницата присуствуваше и делегација на Здружението на пензионерите од Битола, претседателот на Собранието и на Извршниот одбор, Стево Бојаџиев и Томе Илиевски. Најпрвин со едноминутно молчење му беше оддадена почит на починатиот Дорче Крстевски, член на Собранието и долгогодишен претседател на Здружението на пензионерите на Ресен.

Потоа, по усвојувањето на дневниот ред, пригодно обраќање имаше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски во кое тој информираше за сите успеси и постигања во изминатите седум месеци. Во излагањето тој им се заблагодари на сите присутни истакнувајќи дека севкупниот успех на Сојузот е заеднички на сите.

Веднаш по излагањето, Љубомир Ѓорѓиев им предложи на присутните да се осуди писмото во Дневник од група пензионери, бидејќи во него се изнесени само измислици и невистини, за што се согласија сите присутни на седницата.

Секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова ги извести присутните дека речиси сите забелешки од јавната расправа на Правилникот за арбитража се вградени во истиот. За значењето на овој документ во дискусијата зборуваа повеќе дискутанти и тоа Поликсена Тунтева од Охрид, Лазар Ангелов од Демир Капија и Љубомир Ѓорѓиев од Велес. Правилникот за работа на Комисијата за арбитража на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија едногласно беше усвоен.

На седницата на задоволство на сите присутни со аплауз беше поздравена одлуката за враќање на Здружението на пензионерите од Битола во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Како што истакна Томе Илиевски, претседател на ИО на ЗП Битола, здружението се врати таму каде што припаѓа, таму каде што му е местото.

На Стево Бојаџиев и Добре Тодоровски од ЗП Битола им беше верифициран мандатот за членови на Собранието на СЗПМ.

За нов член на Извршниот одбор на СЗПМ едногласно и со аплауз беше избран Стево Бојаџиев.

Без дискусија беше усвоена и Одлуката за привремено финансирање на СЗПМ во период јануари–март 2012 година.

Со аплауз беше усвоена содржината на писмото до ЕУ што ја образложи потпретседателот на ИО Методија Тошевски со кое СЗПМ протестира заради изоставување на „македонски" во Извештајот на еврокомесарот Филе.



Потоа на повеќе здруженија и истакнати поединци претседателот на СЗПМ Драги Аргировски им врачи благодарници по повод 65 години од пензионерското организирање во Македонија.

**К.С.А.**

## Заклучоци

1. Анализирајќи ги донесените заклучоци од последниот состанок на 11 мај 2011 година со раководителите на здруженијата на пензионери по општини, може да се констатира дека најголемиот дел од нив се реализирани. Ова се однесува на усогласување на програмите на здруженијата со програмата на СЗПМ, со соработката со локалната самоуправа и со склучените спогодби за соработка. Активностите беа збогатени и преку успешното одбележување на 65–годишнината од пензионерското организирање, координирање на работата на ограноците и воопшто од покажаната успешна активност во заштита на интересите на пензионерите.

2. Во 2012 годна би требало да продолжат започнатите активности од минатата година и тоа со поактивна улога на здруженијата на пензионери со барање за учество односно присуство во работата на телата на локалната самоуправа, каде што ќе може да се презентира потребата на пензионерот во таа општина и ќе се искористи неговото искуство и знаење.

Потребна е натамошна позасилена координација на ограноците што се покажа за позитивна, меѓусебна соработка на здруженијата по сите прашања од заеднички интерес, учество и придонес во материјалите доставени од Сојузот за разгледување и сугестии за донесување на поквалитетни акти од заеднички интерес на членките на Сојузот, со што се гради успешен и угледен кредибилитет на здруженијата на пензионери во општините и во СЗПМ како најголема невладина асоцијација што постои и дејствува во државата.

3. Активите, односно секциите на пензионерки, како работни тела на извршните одбори на здруженијата на пензионери по општините, својата активност и планираните резултати ги реализираат во здруженијата. Тие треба да ја засилат и збогатат вкупната активност на здруженијата, особено во хуманитарните сфери.

4. Во Програмата за работа за 2012 година значајно место во активите на пензионерки би требало да заземе социјално–хуманитарната димензија, во рамките на здружението.

Тој вид активност треба уште да се зајакне ако се создадат поволни услови, така што на корисниците на пензија со ниски пензиски примања да им се помогне со: парична помош, посета на стари лица, бесплатни лабораториски прегледи, вакцини и различни тематски состаноци за актуелни болести, со совети за семејно насилство, за запознавање на пензионерите со новите процедури за лекување, за заложба да се издаде социјална карта за пензионерот во ЗП и други видови на дејствување што се блиску до природата и улогата на жената во семејството.

Дел од овие активности активите односно секциите на пензионерки треба да ги извршуваат и во соработка со другите работни тела, односно со комисии во здружението во зависност од прашањето на кое се работи.

5. Традиционалните средби на пензионерките по региони треба да бидат проследени со посети на знаменитости, со изложби на ракотворби и сувенири, со поетски настапи и сл.

6. Заради следење и координирање на организираното дејствување на здруженијата во Програмата на здруженијата да се содржи и дел од работата на активите, односно потребно е до Извршниот одбор на СЗПМ да се доставуваат информации, извештаи, програми за работа, записници од седници и други материјали за информирање и за остварување на потесна соработка меѓу Сојузот и здруженијата во заштита на интересите на корисниците на пензија.

**Извршен одбор на СЗПМ**





## Фиксна телефонија на ONE

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

Крушево 1 ноември 2011 – Седница на Собранието на СЗПМ и состанок со претседателите на ЗП и на Активите на пензионерки

# Излагање на Драги Аргировски, претседател на СЗПМ

**Почитувани пензионерки и пензионери, цениети активисти и пријатели,**

Минаа точно седум месеци од изборот на новото раководство на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и како резултат на довербата со едногласниот избор, во овој временски интервал е остварена мошне збогатената активност.

За прв пат во 65 годишната историја на пензионерското организирање во Македонија на свечена академија говореше претседателот на државата, министерот за труд и социјална политика, гости од земјата, претставници на пензионерските асоцијации од Словенија, Хрватска, Србија, Европскиот институт Хевренка и други, а во пригодната програма учествуваа истакнати ансабли на пензионерските здруженија од Гази Баба, Куманово, Тетово, Пробиштип и Прилеп.

Од овој настан за прв пат имаше радио и телевизиски пренос на МРТ, а настанот го одбележија повеќе електронски и пишани медиуми.

Работевме колективно и успехот немаше да биде на тоа ниво ако не беше вашата помош. Пофалби добивме од сите страни. Со еден збор беше прекрасно и достоинствено, соодветно на настанот.

Оваа позитивна атмосфера која се совпадна и со уште еден голем јубилеј – 20 години од осамостојувањето на Република Македонија, продолжи и на свеченостите што се организираа во здруженијата. По повод 65 годишниот јубилеј на тие свечености ги врачивме благодарниците на наши истакнати активисти и на градоначалниците со кои се остварува взаемна плодна и корисна соработка. Убава и незаборавна атмосфера беше создадена во Кавадарци, Куманово,Охрид, скопски Центар и Бутел, Неготино, Тетово, Велес, Струмица, Демир Капија, Гевгелија и други градови, при тоа посебно ја потенциравме соработката со локалната самоуправа и нашите здруженија. Во тој дух средби се реализираа со градоначалниците на градот Скопје, Ѓорче Петров, Кочани, Гевгелија, Прилеп, Кавадарци, Куманово, Демир Хисар, скопски Карпош и Бутел, Неготино, Валандово, Кичево, Крива Паланка, Пробиштип, Струга, Дебар, Штип, Кратово, Македонска Каменица, Ново Село и Илинден.

Средба е одржана и со миистерот за труд и социјална политика, со претседателот на ССМ, како и со директорите на Фондот на ПИОМ, при што се актуелизираа повеќе прашања од Солидарниот фонд, потребата од поредовно ажурирање на евиденцијата на членството и слично.

Во чест на јубилејот за прв пат во нашиот весник "Пензионер плус" започна да излегува и страница на албански јазик, а во "Коха" еднаш месечно и страница за пензионерите. Воедно во Алфа телевизија воведена е неделна емисија „Врати време" посветена на пензионерите, а во МТВ е обновена емисијата „Трето доба".

Со сето ова значително е подобрено редовното и квалитетно двострано информирање на нашите членови, но и на јавноста, со што и рејтингот на СЗПМ како најбројна и најактивна невладина, неполитичка и меѓуетничка организација постојано се зголемува. Тоа, од своја страна, придонесе Телекомуникации ОНЕ да го прифати предлогот за донација во висина од 95.000 денари што ги покрива сите годишни трошоци на функцијата претседател на СЗПМ, а од АД ЕЛЕМ – Скопје деновиве сме известени дека за нашиот проект 16–ти Републички пензионерски спортски натпревари доделени ни се средства во износ од 100.000 денари. Овие средства ќе бидат вложени за подготовка и печатење на два Информативни Билтени на СЗПМ. Како што е познато во организација на СЗПМ на 10 септември во коплексот "Ливадишта" на потребно ниво се одржаа 16–ти Републички пензионерски спортски натпревари кои прераснаа во еден вид Спортка Пензионерска Олимпијада, а на кои успешен домаќин беше ЗП Струга. Присутни беа над 1.000 учесници, од кои 380 натпреварувачи, а најдобри резултати постигнаа членовите на ЗП Охрид и Дебрца, пред Прилеп, Тетово, Куманово, Кочани, Штип, ОВР–Скопје итн.

Предходно, како што на многумина ви е познато, успешни домаќини на регионалните спортски натпревари беа ЗП "Солидарност–Аеродром", "Тафталиџе" Скопје, Демир Хисар, Дебар, Куманово, Гевгелија, Штип и Македонска Каменица. Во чест на јубилејот се одржаа и Деветите регионални ревии на песна, музика и игри кои годинава се карактеризираа со масовност, квалитет и рекорден број учесници од 43 здруженија, а беа мошне успешно одржани во Домот на АРМ во Скопје (домаќин ЗП Воени пензионери), во Валандово, Крива Паланка, Кичево и Македонска Каменица.

Во овој период потпишавме договори за соработка со Матицата на пензионерите на Хрватска, а продолжи и воспоставената соработка со Европскиот институт „Хевреka" од Љубљана со чија помош во септември СЗПМ учествуваше на 11–тиот Фестивал на трето животно доба, со импресивен настап на Гајдаџии на КУД „Весели пензионери" од Пробиштип. Патувањето го донираше нашиот амбасадор во Словенија Игор Попов и градоначалникот на општина Пробиштип. Меѓународна сорабтка СЗПМ оствари и со Сојузот на пензионерите на Србија, а во неа особено се истакнаа здруженијата од Куманово, Кочани, Охрид, Битола. Со Сојузот на пензионерите на Албанија соработка оствариja ЗП Тетово, Дебар, Сарај, Гостивар, Охрид, Лабуништа, а со Сојузот на пензионерите на Бугарија ЗП Берово, Охрид и други.

Меморандум за соработка потпишавме и со Сојузот на борците на Македонија.

Успешно се остварува и новата акција "Од Вас за Вас". Само во септември, во месецот на независноста на Република Македонија и јубилејот на нашата организација, во активностите што ги организираа Сојузот и здруженијата беа вклучени над 100.000 наши членови.

Во минатиот период мошне масовни беа пикник средбите во Маврово – организатор ЗП Гостивар, во Ораовица – ЗП Радовиш, во Пелинце – ЗП Куманово, кај манастирот Свети Пантелеј – ЗП Кочани, во Стар Дојран – ЗП Штип и ЗП Дојран, во Лесново – ЗП Пробиштип, во Лисиче – ЗП Кисела Вода, Томина недела ја организираше ЗП Виница и други.

Во фокусот на вниманието беа и другите цели и задачи на Сојузот како што се: заштита и унапредување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, поквалитетна здравствена заштита, хуманитарни активности и за организирано учество во севкупниот општествен живот во државата.

За сето тоа во овој период се расправаше на 6 седници на ИО на СЗПМ, на две седници на Собранието на СЗПМ и на еден состанок со претседателите на здруженијата. Овој пат нови седници одржуваме за прв пат надвор од Скопје во легендарното и славно Крушево, во историскиот град во кој имаме мошне активно здружение и добри домаќини. На дневен ред, меѓу другото, е усвојувањето на Правилник за работа на Комисија за арбитража, за давање на јавна дискусија на Правилник за ревии и друго. Во оваа пригода сакам да истакнам дека радува и фактот што во Сојузот се враќа ЗП Битола, како едно од најбројните здруженија со околу 17.000 членови.

Поради сето ова досега наброено, во историјата на СЗПМ оваа јубилејна година ќе биде забележана како мошне значајна и плодна. Секако може да се претпостави задоволството на претседателот на пензионерската асоцијација кога во своето излагање за пример ќе спомене 41 членка од вкупно 55 здруженија. Радува фактот што во повеќе здуженија на пензионери се чувствува една позитивна раздвиженост, што е за поздравување.

Отворени прашања има уште многу. Реформата и новиот пат на развојот на нашата организација бара нови усилби од сите нас. Модерна и европска пензионерска организација во Македонија не може да се создаде лесно, туку со нови плодотворни активности. Во тој дух треба да ја одбележиме идната 2012 година, која Евриопската унија не случајно ја прогласи за година на активно стареење и на меѓугенерациска солидарност и соработка за стари луѓе. Поради тоа многу ми значи Вашето мислење и осознавање како најзначајни раководни структури во здруженијата. Мора да работиме колективно, но со почитување на хиерархијата. И во оваа пригода ќе нагласам дека Вашиот успех во работата е и мој, а мојот и Ваш. Само така заеднички можеме да ги остваруваме поставените цели во интерес на сите пензионери во Република Македонија. Да ја прошируваме меѓусебната доверба.

Сето тоа нема да им се допадне на некои наши критизери, кои недоволно информирани, лошо настроени, неедуцирани, малициозни, недобронамерни и завидливи бараат и измислуваат нешта кои не постојат или постојат во мерка која е во нормални размери и се занемарлива во однос на позитивните резултати и видливите постигања. Добро е да се критикува, но за тоа се потребни здрави аргументи и факти, а не инсинуации и манипулации. Тоа што е добро за сите пензионери, треба да се поддржува. Секако дека секогаш и се може и треба да биде подобро. Моите и вашите намери се во таа насока, а за тоа е гаранција постигнатото.

Со сите овие добронамерни пораки Ви посакувам многу здравје, среќа и успех во животот и во активното стареење.

**Благодарам**

# Состојбите со издавањето на весникот „Пензионер плус"

Минатиот месец во СЗПМ се одржа заеднички состанок на Издавачкиот совет на весникот „Пензионер" Плус, редакцискиот одбор и комисијата за информирање и издавачка дејност на ИО на СЗПМ. На дневен ред беа неколку важни прашања – состојбите со издавањето на весникот, предлози за нови содржини на весникот и на Веб страната како и усвојувањето на предлог ценовник за реклами во „Пензионер Плус".



Состанокот го водеше претседателот на Советот и на СЗПМ Драги Аргировски, кој отворајќи ја расправата подвлече дека Сојузот е една од најафирмираните и најактивни невладини организации. Потоа издвои некои здруженија на пензионерите, кои навистина добро соработуваат со средствата за информирање, меѓу кои посебно го издвои здружението од Дебар. Аргировски потсети и на бројката од 900 000 илјади пензионери и членови на нивните семејства, кој е огромен мотив да се афирмираат сите активности, секој проблем на пензионерската популација.

Во расправата зедоа збор голем број од учесниците. Потпретседателот Бесник Поцеста потсети на своето 14 годишно учество во активностите во Сојузот и забележа дека во овој период информирањето никој пат не било како сега. Порано, рече Поцеста, бевме анонимни, денеска не е така, а се надеваме дека натаму ќе биде уште подобро. Тоа е дело во прв ред на претседателот Драги Аргировски, кому треба да му бидеме благодарни и за тоа што во весникот „Коха" излегува содржина за пензионерите, како и за страницата на албански јазик во весникот „Пензионер" Плус.

Калина Сливовска Андонова – претседател на комисијата за информирање и заменик на главниот и одговорен уредник на весникот, зборуваше за весникот, Веб страната и за комисијата. Сите планирани задачи се реализирани, подвлече Андонова. Во весникот кој одбележува 3 години и 3 месеци, многу луѓе се јавуваат како дописници од целата република, а некои пишуваат и во електронска форма, што е добро за оваа наша генерација. Што се однесува до Веб страната, од август до сега има 400 кликања. Страната се посетува и во многу странски земји и најмногу се посетува весникот во електронска форма. Во весникот е застапена и меѓународната соработка, а информирањето е двонасочно.



Потпретседателот и главен и одговорен уредник на весникот Методија Тошевски рече дека е важно да се дојде до одговорот на прашањето колку ги задоволуваме очекувањата на членството за информирање за севкупните активности, за тоа на кој начин ги трасираме патиштата за решавање на прашањата и проблемите пред надлежните органи. Голем дел од здруженијата испраќаат информации, добар дел имаат билтени, некои ја користат формата за информирање монографија за одредени поводи, но немаат информатори со дневни содржини. Во дискусијата учествуваа и Љубомир Ѓоргиев од Велес, Гојко Евтовски од Тетово, Павле Спасев – Центар, Милан Јуруковски – Делчево, Арсо Илиев – Крива Паланка и Фруска Костадиновска од Кавадарци. Тие предложија поголема застапеност во весникот на скопските здруженија, потоа почесто да се говори за правата на пензионерите, за добрата соработка на здруженијата на пензионери со локалната самоуправа, како примерот со Крива Паланка каде што пензионерите учествуваат во работата во Советот на општината, а беше речено и да се размислува за зголемување на тиражот, зашто весникот многу се чита, а го читаат и граѓани што не се пензионери.

На оваа заедничка седница по повод Јубилејот 65 години од пензионерското организирање им беа доделени благодарници на следниве новинари и соработници: Александар Димковски, Жаклина Мучева, Калина Сливовска Андонова, Виолета Петковска, Цветанка



Илиева, Снежана Кутузовска, Вјолца Садику, Наташа Андреевска, Милан Аџиевски, Томе Ангеловски, Димче Апостоловски, Драги Сталевски и Божана Ќулавкова.

**Ц.Илиева**

# Средба со директорот на фондот за здравствено осигурување на Македонија

Делегација на СЗПМ предводена од претседателот **Драги Аргировски** оствари работна средба со директорката на ФЗОМ, **м-р Маја Парнарџиева - Змејкова**, при што по повод одбележувањето на 65–годишнината од пензионерското организирање и врачи благодарница како признание за долгогодишната и успешна соработка на пензионерската организација со Фондот. Притоа тој истакна дека ова признание не само што потсетува на досегашното дејствување и остварување на заедничките целите туку претставува и поттик за јакнење и проширување на меѓусебната соработка. Беше нагласена потребата за поактивно взаемно дејствување, бидејќи пензионерите, не само што се дел од населението, туку тие се и дел од градителите на досегашните достигнувања во нашето општество. Истакнато е задоволство од континуирани активности во здравствената заштита со нагласка дека сепак има простор за унапредување на правата на пензионерите во областа на здравственото осигурување. Во присуство на претседателот и членот на Комисијата за здравство при СЗПМ, д–р Стојанче Стефаноски и д–р Илија Глигоров, посебно се дискутираше за можноста пензионерите да се ослободат од сите видови партиципација и доплата поврзани со здравствената заштита да се подобрат условите за време на болничкото лекување (сместување, исхрана, облека, одржување лична хигиена, социјален живот и сл); да се зајакнат контролите кај матичните лекари во смисла на реално извршување на превентивните прегледи и цели и понатаму да се изградува мрежата на рурални амбуланти со можност и за снабдување со лекови и друго.



**И.Г.**

ЗП Сарај

# Изборна седница на собранието

По четиригодишниот мандат, на 03.11.2011 година, Собранието на ЗП Сарај, одржа седница на која беа верификувани мандатите на членовите на Собранието и избрани претседател и членови на Извршниот одбор. Досегашниот претседател на Собранието Руфат Рамадани поднесе извештај за четригодишното работење на Здружението. Во дискусијата, работата на Здружението беше оценета како мошне успешна.

На изборната седница на Здружението беа избрани 13 членови делегирани од трите ограноци: Сарај, Кондово и Буковиќ. Собранието изврши избор на Извршен одбор од 5 члена, а при предлагањето и изборот на делегатите се имаше предвид истите пропорционално да бидат застапени од сите ограноци.



За претседател на Собранието за идниот 4–годишен мандат повторно беше избран Руфат Рамадани. Собранието одлучи, во идниот мандат Руфат Рамадани наедно да биде и претседател на Извршниот одбор на Собранието. Собранието избра и двајца членови за Собранието на Сојузот на ЗП на градот и еден член за неговиот Извршен одбор. Избраното ново Собрание одржа прва седница на која беа донесени три одлуки: Одлука за формите на организирање на Здружението; Одлука за времено финансирање и Одлука за формирање актив на пензионерки.

**Б. Бакиу**

# Електронска здравствена картичка за пензионерите

Секој пензионер (и секој осигуреник за кој носител на осигурувањето е пензионерот) мора да добие електронска здравствена картичка (ЕЗК). Првото издавање на ЕЗК е бесплатно. За да се олесни и забрза процедурата на вадењто ЕЗК за пензионерите, Фондот за здравствено осигурување на Македонија испрати писмо до матичните лекари и ги замоли да помогнат во постапката со дистрибуција, пополнување и прибирање на образецот Барање, како и дополнителната документација потребна за издавање на ЕЗК, односно фотокопија од личната карта за секој осигуреник. Нагласено е дека потоа ЕЗК од подрачните единици на ФЗОМ ќе ја подигнува секој пензионер лично па поради тоа во барањето мора да биде наведен телефонски број и точна адреса за контакт. Знаејќи дека избраните лекари се во честа и непосредна комуникација со оваа чувствителна категорија на осигуреници се очекува дека во целост ќе биде реализирана активноста до крајот на декември 2011 година.

Со овој проект сите осигурени лица на територијата на Република Македонија треба да добијат електронска здравствена картичка која ќе ја замени сегашната здравствена легитимација. Доколку подоцна има потреба да се издава нова ЕЗК (изгубена и сл.) тоа ќе биде со определен паричен надомест.

Министерството за здравство спроведува проекти за имплементација на Интегриран здравствен информатички систем (ИЗИС) и Систем за електронска здравствена картичка (СЕЗК) како дел од реформите и подобрувањето на работата. Фондот за здравствено осигурување на Македонија е еден од најважните учесници во имплементацијата на Интегрираниот здравствен информационен систем и Системот за електронската здравствена картичка. Процесот на издавање и користење на ЕЗК е сложен и комплексен процес кој во себе опфаќа неколку сегменти: прибирање на барања за издавање на ЕЗК; обработка на пристигнатите барања; персонализација и дистрибуција на ЕЗК; користење на ЕЗК, како замена на сините картони; користење и интеграција на ЕЗК со проектот за ИЗИС.

**И.Г.**

# Недела на грижа за старите лица

Од 21–27 ноември и годинава ќе се одбележи "Неделата на грижа на стари лица" под мотото "Секое старо лице има право".

Основна цел на активностите кои ќе се одвиваат во Општината е да се анимира населението, односно да се подигне свеста за правата на старите лица, помошта и грижата за нив.

Учесници во реализацијата на програмските активности на ниво на општина се: Општинската организација на Црвениот крст преку Клубот на младите и Клубот на пензионерите „Анри Динан"; Здружението на пензионерите преку Клубот на пензионерките „Неготинијана"; Групата „Распеани пензионери" и Комисијата за спорт; Здружението на дијабетичарите; Центарот за социјални работи; Матичната библиотека „Страшо Пинџур"; Општинските основни училишта и локалните средства за информирање.

Планирани се бројни активности преку целата недела, а се содржани во Програмата за одбележување. Од планираните активности ќе издвоиме неколку, и тоа: Делење пригодни флаери и плакати; Запознавање со активностите преку локалните средства за информирање и континуирано покривање на истите; Бесплатно мерење шеќер во крвта во два термина, на две локации; Посета на Домот за згрижување на стари лица во Неготино со пригодна културно–уметничка програма и подароци за штитениците; Посета за стари лица во рурални средини со обезбедување помош и медицински прегледи; Ликовни и литературни творби од учениците на тема „Грижа за старите лица" и шаховски турнир помеѓу пензионери и младинци.

За последниот ден од неделата е предвидено заедничко дружење помеѓу младите и пензионерите со готвење, сервирање и дегустирање на стари јадења од овој крај и доделување благодарници за учесниците.

Досегашната соработка и заеднички реализираните проекти помеѓу младите од Црвениот крст и пензионерите се гаранција дека и оваа програма во целост ќе се реализира. **П. Стефанов**

ЗП Крива Паланка

# Соработка со локалната самоуправа за пример

Спогодбата за соработка од пред некоја година што ја потпиша ЗП Крива Паланка со Локалната самоуправа мошне успешно се реализира. На сите локални и државни манифестации, прослави, одбележувања, на настани, отворање и пуштање во употреба одредени објекти, културно-забавни манифестации, изложби, давање во употреба новоотворени музеи и слично, пензионерите.секогаш биле редовно повикувани и присутни. Благодарение на Раководството, а посебно на градоначалникот на Општината, веќе се остварува Одлуката на Советот Здружението на пензионери Крива Паланка со свој преставник да учествува на седниците на Локалната самоуправа и да дава свои мислења и предлози за прашањата кои се на дневен ред на седницата. Така, на 30 септември член на Здружението присуствуваше на седницата на Советот кога се расправаше за некои актуелни прашања во образованието, како и за нови проекти и проблеми од интерес за пензионерите.

Овој пример на соработка во општината Крива Паланка посебно го истакнуваме како единствен во Републиката за да иницира и поттикне слична активност и во другите општини. Со прифаќањето на ваквата иницијатива, на пензионерите ќе им се овозможи поактивно учество во општественоит живот, а особено во креирањето и донесувањето одлуки од заеднички интерес на сите граѓани. **А. Илиевски**

# Научно популарни екскурзии на тетовски пензионери

Две групи пензионери од тетовското здружение беа учесници на дводневни научно–популарни екскурзии што се одржаа на 29 и 30 октомври. Екскурзиите беа содржина на програмата на Здружението за оваа година.

Групата од 50 пензионери во соседна Албанија ја предводеше Гојко Ефтоски, претседател на Собранието на ЗП Тетово. Пензионерите поминаа два града: Поградец и Корча. Уште на граничниот премин Свети Наум, тетовските пензионери ги пречека делегација на градот Поградец што ја предводеше претседателот на пензионерската асоцијација Назиф Даљани. Најнапред го посетија прекрасниот комплекс Дрилони, познато претстојувалиште и одморалиште на највисоки функционери на Албанија, буквално „второ око" на предезерските води кај Свети Наум. Во Поградец се одржа пригодна заедничка свеченост на која во знак на успешна досегашна соработка, а по повод 65–годишнината на пензионерската организација на Македонија, Гојко Ефтоски врачи благодарница од тетовското здружение на домаќинот Назиф Даљани. Беа разменети здравици и беше изразена желба за продолжување на натамошната соработка.



Во Корча, четврти град по големина во соседна Албанија, придружувани од домаќините, групата пензионери од Тетово ја посетија катедралната црква градена пред осум векови „Св. Преображение". Во Националниот музеј на просветата во кој било сместено првото училиште на албански јазик во 1887 година, се одржа историски час на кој за значењето зборуваше директорот на установата, како специјален гостин на тетовските пензионери. „Многу сум задоволен од екскурзијата. Поминавме извонредни два дена во добро одбрани два града на Албанија", рече Алифеми Илјази. Со слични мислења беа и пензионерите Сервет Хусеини, Мирослав Димоски, Шевки Бериша и другите.

Уште една група од 50–тина пензионери два дена беа гости на неколку градови во југоисточниот дел на Македонија. Предводени од Шабан Азизи, претседател на Извршниот одбор на ЗП Тетово, тетовските пензионери најнапред го посетија Штип, со посебна посета на „Астибо". Во Струмица во централното градско подрачје, особено внимание привлече комплексот „Глобал" и спомениците на покојниот претседател Борис Трајковски. Одушевување претставуваше амбиентот и убавините на Колешинските водопади. И Гевгелија остави силен впечаток по уреденоста и чистотата, а Негорските Бањи беа местото каде што пензионерите пројавија посебен интерес и заради определбите за бањско лекување. „Не што немам никакви забелешки, туку иако сум бил повеќе пати, секогаш како да наоѓам нешто ново, нешто што ме задоволува", вели Славе Лазаревски. Рамие Ибраими не го криеше задоволството и од видувањата и од заедничките дружења. „Се беше добро испланирано и реализирано. Нас пензионерите ваквите екскурзии не враќаат во живот. Искрено честитам за сѐ", беа зборовите на Милица Ивановска.

ЗП Тетово годинава организираше десетина научно–популарни екскурзии. Овие две беа последните. За наредната година се предвидуваат слични екскурзии во земјата и во соседството.

**С. Димоски**

Огранокот „Корзо" од ЗП Прилеп

# И екскурзија и еколошка акција

Огранок "Корзо" од ЗП Прилеп на 25 октомври организираше посета на манастирот Свети Ѓоргија во близината на селото Беловодица, при што повеќе пензионери ја прифатија поканата и тргнаа кон светото место. По стигнувањето и обиколката на Манастирот, убавото време ги измами посетителите да излезат на прошетка. Вера, Ѓоре, Васе, Стеван, Аце, Славка и другите пензионери тргнаа низ густата шума кон вештачкото езеро кое се полнеше од Беловодичка река и восхитувајќи и се на природата, уживаа во убавината и ги полнеа градите со чист планински воздух. Групата пензионери потоа отиде во селото Беловодица, кое порано имало повеќе од 120 куќи, училиште и многу жители. Сега, речиси, ништо од тоа не останало, бидејќи повеќето куќи и училиштето се урнати, а во селото останале само петнаесетина стари луѓе. За среќа, од неодамна таму живее и еден млад брачен пар, на кој им се родил син, што е посебен куриозитет, зашто 30 години Беловодица не знае за принова.

Импресионирана од впечатоците, групата пензионери после 2 часа пешачење се врати на ручек во Манастирот, а потоа сите едногласно ја прифатија иницијативата за еколошка акција. Веднаш се фатија за работа, ја исчистија црквата, ги истресија диплите, ја средија кујната и трпезаријата и го изметија дворот. Така, пензионерите од Прилеп истовремено направија две добра: и екскурзија и еколошка акција.

**Т. Јонески**

ЗП Кавадарци

# Нова просторија за рекреација

По повод 23. октомври – Денот на револуционерната борба на македонскиот народ, ЗП Кавадарци предаде во употреба нова просторија за рекреација на пензионерите. Оваа просторија е наменета за играње шах, пикадо, домино, табла како и за одржување проби на Пејачката група од ова Здружение. Всушност, ова ќе биде собиралиште и на шахистите од градот и за таа цел се обезбедени шах–маси, фигури и други средства за игра и забава.



– Со оваа активност Здружението продолжува да ја остварува својата програма и на своите членови да им создава подобри услови за забава и рекреација и да им го исполнува времето со разновидни активности, – рече, покрај другото, на отворањето претседателот на ИО **Ристо Анѓушев**.

**Ф.Костадиновска**

ЗП Струга и Вевчани

# Импресивни доживувања

Неодамна, во рамките на планираните активности на ЗП Струга и Вевчани, под раководство на секретарот на ЗП Струга **Мирко Трпоски,** за заинтересираните членови беше организирана екскурзија до манастирот Св. Јоаким Осоговски со посета на други попатни места и градови. Пензионерите на одење во Скопје ги посетија новоизградените споменици и понесоа убави впечатоци и доживувања. Посебно беа импресионирани од споменикот на Воинот, со прекрасните водоскоци и вградените фигури.



При посетата на Мастирот беа воодушевени од глетката на околината и на манстирскиот комплекс, а при обиколката на црквата Св. Јоаким Осоговски и на манастирската црква на Пресвета Богородица, се запознаа со градбата, историјатот и опстојувањето на овие светилишта. По разгледувањето на Крива Паланка се упатија кон веќе познатото „Етно село", каде што ги вкусија јадењата направени по рецептите на Андријана Алачки и присуствуваа на снимањето на емисијата „Вкусот на традицијата".

Ова екскурзија заврши според планот, со импресивни впечатоци и задоволства на учесниците, кои како прекрасни доживувања ќе им останат подолго во сеќавањата.

**Љ.Настоска**

По повод11 ноември – Денот на ослободувањето на Куманово

# Традиционален концерт „Пензионерите за својот град"

По повод 11 ноември – Денот на ослободувањето на Куманово и оваа година беше одржан традиционалниот концерт „Пензионерите за својот град". Во програмскиот дел беа вклучени членовите на КУД „Ѓоко Симоновски", а по нив настапи мешовитиот хор при Друштвото под диригенство на Александар Ѓеоргиевски, кој исполни повеќе стари македонски песни во придружба на оркестар на народни инструменти. Потоа следеше колаж од неколку музички композиции насловени како „Звуците доаѓаат" во исполнение на Александар Ѓеоргиевски на пијано и Атанас Петровски на мандолина. Посебно атрактивно беа изведени сплетовите „Кумановско поле" и сплетот на песни и игри од Егејска Македонија. Не изостана и хумористичниот



скеч „Батко ко нов" од Новко Петрушевски, како и младите фолклористи од КУД „Срма", кои ја дигнаа на нозе публиката која ги награди со долг аплауз.

Т. Антиќ

Средба со градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски во РЦ Катланово

# Збогатена соработка

Во организација на Градскиот Сојуз на здруженијата на пензионерите во Рекреативниот центар во Катланово се одржа средба со градоначалникот на градот Скопје Коце Трајановски, на кој присуствуваше и Борче Митевски, градоначалник на општина Петровац и Методија Тошевски, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ.



Претседателот на Градскиот пензионерски сојуз д–р Крсте Ангеловски информираше дека оваа асоцијација ја сочинуваат 11 здруженија на пензионери кои делуваат на територија на 17 општини со 72.000 членови и 60 ограноци. Соработката со локалната самоуправа се повеќе се интензивира, посебно со градот Скопје и градоначалникот Трајановски. Благодарејќи на тоа минатата и оваа година од буџетот на градот Скопје се добиени по 500.000 денари наменети за реновирање на Рекреативниот пензионерки центар во Катланово, а се обезбедени и посебни средства за канделабри, осветлување, клупи, патеки и друго.

За старите лица во Скопје, од кои поголем број се пензионери, овозможени се два дена во неделата бесплатен превоз со автобусите на ЈСП и со жицницата до Милениумскиот крст на Водно.

И не само тоа, додаде градоначалниот Трајановски, обезбеден е по еден автобус годишно за секое здружение за бесплатен превоз при еднодневни ескурзии низ Македонија.

Се истакна потребата со сите градоначалници здруженијата на пензионерите да потпишат спогодби за соработка, да се интензивира постапката за изградба на нов Дом на пензионерите на ЗП Центар, да се отворат нови клубови и центри за дневен престој и друго.

**В.С.**

# СЗПМ во посета на Општина Илинден

Делегација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Република Македонија, предводена од претседателот Драги Аргировски, ја посети Општина Илинден. На средбата со градоначалникот Жика Стојановски, беше запознаен со тековните активности на Сојузот, како и со секојдневните проблеми со кои се судираат пензионерите.



Од друга страна, пак, градоначалникот Стојановски истакна дека му причинува посебно чест што претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери за прв пат е во посета на Општината. Притоа, тој му даде целосна поддршка на Здружението на пензионери во Општина Илинден, коешто се формираше неодамна.

Исто така, градоначалникот ги информираше гостите за реализацијата на голем број капитални проекти во Општина Илинден. Меѓу нив е и изградба на нов Дом на култура во населба Илинден, што се реализира во рамките на проектот „10 Домови на културата". Истовремено градоначалникот Стојановски најави дека Општина Илинден се подготвува и за изградба на Дом за стари лица.

Делегацијата на Сојузот на здруженијата на пензионери на Република Македонија ја посети локацијата каде што во завршна фаза е изградбата на Домот на културата во населба Илинден, кој во иднина ќе можат да го користат месните заедници, невладините организации, здруженијата на пензионери, на жени, на младинци, спортски друштва и сите други граѓани што ќе имаат потреба за тоа.

**Р.Т.**

# Свечано одбележани три јубилеи во Гевгелија

На 21 октомври во "Пионерскиот Дом" во Гевгелија на свечен и достоинствен начин беа одбележани три големи јубилеи: 20 години независна и самостојна Македонија, 65 години од пензионерското организирање во Македонија и 40 години на Здужението на пензионери од Гевгелија.

На манифестацијата најнапред присутните ги поздрави претседателот на ЗП Гевгелија Ристо Танелов, а говореше и претседателот на Извршниот Совет на општина Гевгелија, Александар Тодов.

Потоа имаше богата и интересна програма во која со свои изведби настапија пензионери од девет здруженија и тоа: ЗП Гевгелија, ЗП Богданци, ЗП Дојран, ЗП Неготино, ЗП Кавадарци, ЗП Кавадарци – инвалиди, ЗП Валандово, ЗП Прилеп и ЗП Битола. Програмата беше како ревија на песни музика и игри.

Дружењето со песна и музика продолжи во хотелот „Панорама" во Гевгелија.

Сето ова беше убав и незаборавен настан достоен на трите големи јубилеи.

**К.С.**

## Пензионерска сага

Денот одминува, ноќта зацарува,
една ѕвезда се издвојува
од соѕвездието.
Полната месечина не носи
во светот на соништата.
Низ прозорецот ѕирка
утрото благо,
го брише недосонуваниот сон.
Сончевите зраци ни го милуваат лицето,
за Добро утро –за Добар ден.
И така, се менуваат денот
со ноќта,
ноќта со денот,
а во животот се е исто.
Едни патишта се вкрстуваат,
други се разидуваат.
Тоа е нашето
пензионерско секојдневие.
На зајдисонце, ја бараме ѕвездата
за Добра ноќ
В зори го очекуваме сонцето за Добар ден.
Така се ниже пензионерскиот
гердан
До последната нишка.

**М.Здравковска**

# Свечена академија во Радовиш

Вклучувајќи се во одбележувањето на 65 годишнината од пензионерското организирање во Македонија и 20 години од независноста на РМ, Здружението на пензионерите на Радовиш и Конче на 10 ноември во Центарот за култура „Ацо Караманов" во Радовиш одржа Свечена академија.



Претседателот на здружението Јордан Костадинов во своето пригодно обраќање посебно се задржа на зголемните успеси на организацијата, особено во заштитата и унапредувањето на заедничките цели и интереси на пензионерската популација, подобрувањето на културните, спортските и хуманитарните активности и слично.

Градоначалникот на општина Радовиш д–р Роберт Велков во својот поздравен говор посебно ја истакна соработката со локалната самоуправа и здружението на пензионери што и натамуи ќе се интензивира.

Претседателот Драги Аргировски говореше за се поголемиот рејтинг и активност на СЗПМ, како најбројна невладина, неполитичка и мултиетничка организација. Тој воедно ги врачи јубилејните благодарници на СЗПМ на градоначалникот д–р Роберт Велков, на ЗП Радовиш, на Јован Евтимов и на Драги Георгиев.

На свечената академија, на која присуствуваше и градоначалникот на општина Конче Стојан Лазаров, беше изведена богата културно–уметничка програма со учество на женски хор, пејачки групи и соло изведби на примадоната Милка Евтимова, пејачот Ванчо Тарабунов и други.

Средбата заврши со скромен коктел од специјалитети на вредните пензионерки.



Како позитивен придружен елемент беше и изложбата на графики на Благоја Јованов, пензионер од Радовиш, претставувајќи се со препознатливи дела од религиозни традиции, но беа застапени и пејсажот, мртва природа и етно мотиви.

**Л.Мл.**

Актив на пензионерки од Битола

# Триесет години постоење

Во рамките на годишната активност, Активот на пензионерки од Битола, на 6 ноември го прослави својот јубилеј – триесет години постоење. Прославата се одржа во ресторанот „Император" во Битола во присуство на повеќе од 400 гости од 12 општини од Р. Македонија.

На собирот им се обрати потпретседателката на Активот **Ангелица Крстева** која ја истакна потребата и значајноста за одржување вакви средби од повеќе здруженија каде што се разменуваат позитивни искуства за подобрување на животниот стандард на пензионерите на Република Македонија.



Видно задоволен од организациската активност на Активот на пензионерките свое обраќање на собирот имаше претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија **Драги Аргировски**, кој во оваа прилика ја објави и одлуката за прием на здружението на пензионери на Битола во СЗПМ.

Собирот го поздрави и претседателот на Извршниот одбор на Битола **Томе Илиевски**, кој го истакна и задоволството од враќањето на Здружението во старото јато.

Гостите ги забавуваше реномираната инструментална група од Битола, а со свој репертоар се претстави и пејачката група СПБ „Сирма Војвода".

**Д. Тодоровски**

# Благодарница на Универзитетот трето доба - Скопје

На 28 октомври 2011 пред повеќе од 100 редовни „студенти" на Универзитетот трето доба, во свечената сала на Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, свечено предаде Благодарница, којашто СЗПМ, на оваа масовна организација и ја доделува по повод 65 годишниот Јубилеј. При тоа претседателот Аргировски меѓу другото истакна:

**- Оваа Благодарница Вашата организација наполно ја заслужува, заради своето позитивно влијание на неколку стотиците Ваши редовни „студенти", кои истовремено се и членови на Пензионерските организации во Скопските општини. Мене ми се добро познати целите и добро осмислените и редовно успешно организирани програмски активности на Универзитетот трето доба. Преку Вашата организација, СЗПМ воспостави „мост" на одлична соработка со Сојузот на пензионерите на Словенија и специјализираната организација за култура на животот од трето доба „ХЕВРЕКА", така што веќе две години по ред СЗПМ со свои претставници учествува на Фестивалот на трето доба во Љубљана. Минатата година учествуваа и Ваши преставници.**

Во продолжение, претседателот Аргировски говореше за новата програмска ориентација на СЗПМ и радикално новиот приод во третирањето на присутните проблеми, се разбира во рамките на реалните можности.

**- Оптимизмот дека во иднина постојано ќе се подобрува статусот на старите лица во нашата земја, доаѓа и од јавната подршка на Претседателот на Државата, господинот Ѓорге Иванов и Владата на РМ, како и од предвидените мерки и активности утврдени во Националната стратегија за старите лица во РМ. И за Вашата организација идат подобри денови, бидејќи 2012 година е прогласена за ГОДИНА НА АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ И МЕЃУ ГЕНЕРАЦИСКА СОРАБОТКА, со што се отвораат можности за Ваше самостојно учество или во партнерство со други организации во меѓународни проекти, финансирани од Европската Унија.**

Примајќи ја благодарницата, претседателот на Универзитетот трето доба – Скопје, Томислав Димишковски, во име на сите "студенти" се заблагодари, истакнувајќи дека секое признание поттикнува нов ентузијазам и уште поголеми усилби за остварување на поставените цели.

– Посебно значење има оваа признание, бидејќи доаѓа од МАТИЦАТА на сите пензионери на Република Македонија и треба да значи охрабрување на иницијативите за основање разграноци на Универзитетиот трето доба во другите градови и рурални центри, како што е случајот во Република Словенија, каде што во секое поголемо населено место работи Универзитет трето доба.

Присутните со ракоплескање ја изразија благодарноста на Признанието и информациите кои ги даде претседателот Аргировски во своето едно часовно предавање.

**Т. Д.**

# Доделени благодарници на спортски активисти

По повод 65 години од пензионерското организирање во Македонија, здружението на пензионери во Штип одржа забава со дружење на спортистите. По тој повод претседателот на Здружението на пензионерите Михаил Василев рече:

– Пред се дружењето и спортувањето на пензионерите е повеќе од потребно, затоа треба да вклучиме повеќе пензионери во клубовите од урбаните и рурални средини кои ќе се натпреваруваат на регионалните и републички спортски натпревари. Секако дека тие ќе донесат поголеми успеси: пехари, дипломи и медали.



Благодарници заслужно добија активистите: главен координатор Коста Штеријев заменик претседастел на Здружението и координатор Тодор Неделков член на Извршен одбор и координатор на дисциплините: шах, домино и пикадо, Никола Иванов–Аспарух член на Извршен одбор, координатор и тренер во дисциплините влечење јаже, атлетика, фрлање ѓуле и друго.

Од името на наградените се заблагодари ветеранот на спортските игри, Никола Иванов – Аспарух кој рече:

– Ви благодарам за признанието. Со спорт започнав уште во школските денови. Пензионерските спортски игри поорганизирано започнаа во 1994 година со неколку дисциплини: брзо одење, влечење јаже, трчање на 60 и 80 метри, фрлање ѓуле и шах. Прво активни беа мажите, а подоцна се повеќе се вклучуваа и дамите во повеќето спортски дисциплини. Денес се проширија спортските натпревари со нови дисциплини. На нашите успеси и организираност може да ни позавидат и помладите генерации спортисти. Дека е тоа така сведочат дипломи, фотографии, медали и признанија кои ги красат просториите на ЗП Штип. Тука се и многуте пехари освоени во годините station наназад, се до денес. Секоја година учеството на натпреварувачите пензионери во спортот е се помасовно со тенденција да биде уште помголемо во наредните години.

За да се постигнат овие резултати придонесе и несебичната подршка на раководството на ЗП Штип, како на локалното ниво, така и на регионално и републичко ниво.

**Ц. Спасикова**

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

## Измени и дополнувања на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот со важност од 15.11.2011

Измените и дополнувањата на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот се направени со цел поедноставување на постапката за добивање на лек на товар на Фондот. Овие измени и дополнувања **се применуваат од 15.11.2011 година.**
Измените и дополнувањата на Листата на лекови се направени во консултација со **25 здруженија, комори, универзитетски клиники, институти, клинички и општи болници, здравствени домови**, како и врз основа на компаративна анализа на Фондот.
Направени се измени за околу 70 лека и истите се однесуваат на:

- Промена во делот на режимот на пропишување
- Дополнување на делот на препораките со лекари специјалисти, од соодветна специјалност, кои можат да препорачуваат одреден лек
- Промена во делот на медицинските индикации
- Дефинирање доколку за одреден лек се бара препорака од лекар специјалист, за истиот лек се признава и препорака од лекар суб–специјалист од сооодветната специјалност

- Промената во делот на **режимот на препишување** се однесува на:

1. Промена од лек за употреба во болнички услови во лек кој се издава на рецепт во аптека (со соодветна препорака од лекар специјалист)–4 лека
–2 лека се антиепилептици (levetiracetam–Keppra) и
2 лека се за Alzheimer–ова болест (donepezil–Yasnal)
2. Промена за лекови за кои била потребна препорака од лекар субспецијалист, со измените е потребна **препорака од лекар специјалист**–3 лека
– 2 лека се за третман на жолчка и жолчни патишта (ursodeoxycholic acid–Ursofalk) и 1 лек е интестинален антиинфламаторен лек (sulfasalazin–Sulfasalazin)
3. Промена за лек за кој била потребна препорака од лекар специјалист, со измените е потребна препорака од **избран лекар специјалист самостојно**–1 лек–утеростиптик (methylergometrin-Ergotyl)
4. Промена за лекови за кои била потребна препорака од лекар специјалист, со измените истите ќе може да ги препише **избран лекар самостојно**–10 лека
– 3 лека се за третман на улкусна болест (omeprazol-Omeprazol, Omeprol, Omez, Omezol, Ulkobos, Ultop и lansoprazol-Lansoprazol, Lanzul, Sabax),
–2 лека се кортикостероиди за дерматолошка употреба (крем, маст) (methylprednisolone-Advantan),
–1 лек антиревматик (ibuprofen) и
–4 лека антиастматици (salbutamol-Salbutamol, Ventolin)
5. Промена за лекови кои досега можел да ги препише избран лекар од општа медицина, со измените ќе може да ги препишува и **избран лекар од општа стоматологија**–2 лека–антибиотици (amoxicillin-Amoxicilin, Hiconcil, Moxilen, Sinacilin)
6. Промена за лекови кои досега можел да ги препишува избран лекар од општа медицина и избран лекар од општа стоматологија, со измените ќе може да ги пропишува само **избран лекар од општа медицина**–3 лека–антибиотици (sulfametoxazol+trimethoprim-Bactrim, Baktimol, Kotrimoksazol, Primotren, Trimoksazol)
7. Промена за лекови кои досега можел да ги препишува избран лекар од општа медицина, со измените ќе биде потребна **препорака од лекар специјалист**–3 лека–опиоидни аналгетици (morphine-Novamorf)

- Дополнување на делот на **препораките со лекари специјалисти**, од соодветна специјалност, кои можат да препорачуваат одреден лек е извршено за 29 лека и тоа:

–2 лека се за третман на жолчка и жолчни патишта (ursodeoxycholic acid-Ursofalk)–со лекар специјалист од центар за цистична фиброза, а за капсулите и интернист и хирург,
–1 лек интестинален антиинфламаторен лек (sulfasazin-Sulfasalazin)–со лекар специјалист интернист и хирург,
–1 лек за олеснување на дигестија, вклучително и ензими (Panaze, Kreon)–со лекар специјалист интернист,
–2 антитромботични лека (acenocoumarol-Acenokumarol,Sinkum, Sintrom) со лекар специјалист трансфузиолог,
–1 онколошки лек (cyproteron-Androcur)–со лекар специјалист онколог,
–1 лек за болести на штитната жлезда (levothyroxine-Eltroxin, Euthyrox, Thyro–4) со лекар специјалист по нуклеарна медицина и лекар суб–специјалист ендокринолог,
–3 антитироидни лекови (propylthiouracil-Propiltiouracil, thiamazol-Strumex, Thyrozol, Tiamazol) со лекар специјалист по нуклеарна медицина и лекар субспецијалист ендокринолог,
–7 лека за третман на туберкулоза (rifampicin-Rifamor, Rifampicin, isoniazid, isoniazid+pyridoxin, ethambutol) со лекар специјалист пневмоф–тизиолог,
–2 лека антипаркинсоници (pramipexole-Mirapexin, Oprymea)–со лекар специјалист невропсихијатар,
–9 лека за респираторен систем (beclomethasone, budesonide-Tafen, fluticasone-Flixonase, Flixotide, Rinoco)–со лекар специјалист по медицина на трудот и лекар специјалист по клиничка имунологија и алергологија.
Кај 3 лека со измените се прецизира центарот од кој се издава препораката за наведеното заболување на Листата на лекови, односно по препорака на центар за цистична фиброза–2 лека антибиотици (tobramycin, colistin-Colomycin) и 1 лек од групата на експекторанси (за искашлување), со исклучок на комбинации со супресанти на кашлица (dornase-alfa-Pulmozyme).

- Промена во делот на **медицинските индикации,** односно дополнување со медицински индикации на товар на Фондот е извршено кај 12 лека и тоа:

–2 антиаритмици со индикација коморни аритмии (propafenon-Propafen, Propafenon),
–4 лекови за кардиоваскуларен систем–со индикации хипертензија и ангина пекторис–(bisoprolol- Bipresso, Bisobel, Bisocor, Bisoprolol, Byol, Concor i carvedilol-Carvetrend, Coryol, Dilatrend, Karvedilol, Karvilex, Milenol)
–6 антибиотици:
–amoxicillin-Amoxicilin, Hiconcil, Moxilen, Sinacilin–со индикации тонзилофарингит и профилакса на бактериски ендокардитис при хируршки процедури во устата и горните респираторни патишта и
–benzathine phenoxymethylpenicilline-Ospen–допрецизирање на постоечката индикација–лекување на стрептокни аеробни и анаеробни инфекции, вклучително и одонтогени инфекции
–amoxicillin+clavulanic acid-Amoksiklav, Augmentin, Klamox, Panklav–заменување на постоечките индикации со индикациите–инфекции на горен и долен респираторен тракт, инфекции на урогенитален тракт, инфекции на средно уво , одонтогени инфекции.

# ОБЈАВА НА СПИСОК НА ЛЕКОВИ БЕЗ ДОПЛАТА КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ

| Заштитено име на лекот | Производител |
|---|---|
| ABAKTAL табл.10 x 400mg | SANDOZ-LEK |
| ACENOKUMAROL табл.20 x 4mg | REPLEKFARM |
| ACIKLOVIR Крема 50mg/g (5g) | ZDRAVLJE |
| ACIKLOVIR ALKALOID Крема 50mg/g (5g) | ALKALOID |
| ACIKLOVIR ALKALOID Маст за очи 30mg/g(5g) | ALKALOID |
| ACIKLOVIR табл. 25 x 200mg | JAKA 80 |
| ACIKLOVIR табл. 25 x 200mg | ZDRAVLJE |
| ALBENDAZOL ALKALOID табл.60 x 200mg | ALKALOID |
| ALDIZEM табл.30 x 60mg | ALKALOID |
| ALDIZEM табл.30 x 90mg | ALKALOID |
| ALEDOXтабл.4 x 70mg | BELUPO |
| ALENDOR табл.4 x 70mg | PLIVA |
| ALMACIN сусп.250mg/5ml(100ml) | ALKALOID |
| ALPRAZOLAM табл.30 x 0,25mg | REPLEKFARM |
| ALPRAZOLAM табл.30 x 0,5mg | REPLEKFARM |
| ALPRAZOLAM табл.30 x 1mg | REPLEKFARM |
| AMINOFILIN ALKALOID табл. 50 x 100mg | ALKALOID |
| AMINOFILIN RETARD табл. 20 x 350mg | JAKA 80 |
| AMINOFILIN табл. 50 x 100mg | JAKA 80 |
| AMIODARON табл. 60 x 200mg | ZDRAVLJE |
| AMIODARON табл. 60 x 200mg | REPLEKFARM |
| AMITRIPTYLINE табл. 100 x 10mg | REMEDICA |
| AMITRIPTYLINE табл. 30 x 25mg | REMEDICA |
| AMLODIPIN табл.20 x 10mg | JAKA 80 |
| AMLODIPIN табл.20 x 5mg | REPLEKFARM |
| AMLODIPIN табл.20 x 5mg | JAKA 80 |
| AMLODIPIN табл.20 x10mg | REPLEKFARM |
| AMYZOL табл. 30 x 25mg | SANDOZ-LEK |
| AMYZOL табл.100 x 10mg | SANDOZ-LEK |
| ANDROCUR табл. 50 x 50mg | BAYER SHERING |
| ANTIFUNGOL Крема 10mg/g (50g) | SALUTAS |
| ARAVA филм.обл.табл.30x10mg | AVENTIS |
| ASENTRA филм обл.табл. 28 x 100mg | KRKA |
| ATENOLOL табл. 14 x 100mg | JAKA 80 |
| ATENOLOL табл. 14 x 100mg | REPLEKFARM |
| ATENOLOL табл. 20 x 50mg | JAKA 80 |
| ATORIS филм обл.табл. 30 x 10mg | KRKA |
| ATORIS филм обл.табл. 30 x 20mg | KRKA |
| ATORIS филм обл.табл. 30 x 40mg | KRKA |
| ATORVASTATIN филм обл.табл. 30 x 10mg | REPLEKFARM |
| ATORVASTATIN филм обл.табл. 30 x 20mg | REPLEKFARM |
| ATORVOX филм обл.табл. 30 x 10mg | PLIVA |
| ATORVOX филм обл.табл. 30 x 20mg | PLIVA |
| ATORVOX филм обл.табл. 30 x 40mg | PLIVA |
| AUGMENTIN сусп.(250+62,5)mg/5ml (100ml) | GSK |
| AZATRIL сусп.100mg/5ml (20ml) | BALKANPHARMA |
| AZATRIL сусп.200mg/5ml (20ml) | BALKANPHARMA |
| AZATRYL капс. 6 x 250mg | BALKANPHARMA |
| AZIMED филм обл.табл.3 x 500mg | REPLEKFARM |
| BAKTIMOL табл. 20 x (400+80)mg | HABIT FARM |
| BAZETHAM капс.30x400mcg | PLIVA |
| BETASALIK Лосион (0,5 mg+20 mg/ml) (50ml) | REPLEKFARM |
| BETASALIK Маст (0,5 mg+30 mg/g)(30g) | REPLEKFARM |
| BISOPROLOL филм обл.табл. 30 x 2,5mg | JAKA 80 |
| BISOPROLOL филм обл.табл. 30 x 2,5mg | REPLEKFARM |
| BISOPROLOL филм обл.табл. 30 x 5mg | REPLEKFARM |
| BISOPROLOL филм обл.табл. 30 x 10mg | JAKA 80 |
| BISOPROLOL филм обл.табл. 30 x 10mg | REPLEKFARM |
| BISOPROLOL филм обл.табл. 30 x 5mg | JAKA 80 |
| BIVACIN капки за око и уво (250IU+3500IU)/ml (10ml) | SANDOZ-LEK |
| BONEFOS капс. 100 x 400mg | Bayer |

| Заштитено име на лекот | Производител |
|---|---|
| BONEFOS филм обл.табл.60 x 800mg | Bayer |
| BROMAZEPAM табл. 30 x 1,5mg | JAKA 80 |
| BROMAZEPAM табл. 30 x 3mg | JAKA 80 |
| BROMAZEPAM табл. 30 x 6mg | JAKA 80 |
| BROMERGON табл. 30 x 2,5mg | SANDOZ-LEK |
| CARBAMAZEPIN табл.50 x 200mg | REMEDICA |
| CARBAMAZEPIN-RETARD табл. 30 x 400mg | REMEDICA |
| CEFALEKSIN ALKALOID сусп.250mg/5ml(100 ml) | ALKALOID |
| CELLCEPT капс.100 x 250mg | ROCHE |
| CELLCEPT табл. 50 x 500mg | ROCHE |
| CETIRIZIN Раствор за орална употреба 1mg/ml (120ml) | REPLEKFARM |
| CETIRIZIN филм обл.табл. 20 x 10mg | REPLEKFARM |
| CETRINE филм обл.табл. 20 x 10mg | DR.REDDY S LABORATORIES LTD. |
| CHLORAMPHENICOL ALKALOID маст 50mg/g(5g) | ALKALOID |
| CHLORAMPHENICOL ALKALOID Маст за очи 1%(5g) | ALKALOID |
| CIKLOSPORIN ALKALOID Раствор за орална употреба 100mg/ml | ALKALOID |
| CIKLOSPORIN ALKALOID капс.50 x 100mg | ALKALOID |
| CIKLOSPORIN ALKALOID капс.50 x 25mg | ALKALOID |
| CIKLOSPORIN ALKALOID капс.50 x 50mg | ALKALOID |
| CINARIZIN FORTE табл. 50 x 75mg | JAKA 80 |
| CIPROFLOKSACIN филм обл.табл. 10 x 250mg | JAKA 80 |
| CIPROFLOKSACIN филм обл.табл. 10 x 500mg | JAKA 80 |
| CIPROLET табл. 10 x 250mg | DR.REDDY S LABORATORIES LTD. |
| CIPROLET табл. 10 x 500mg | DR.REDDY S LABORATORIES LTD. |
| CLARICIDE филм обл.табл. 14 x 250mg | BILIM |
| CLOMIFENE табл.10x 50mg | REMEDICA |
| CLOZAPINE табл.50 x 100mg | REMEDICA |
| CLOZAPINE табл.50 x 25mg | REMEDICA |
| COPEGUS филм.обл.табл. 168 x 200mg | ROCHE |
| COPEGUS филм.обл.табл. 42 x 200mg | ROCHE |
| CORLAN табл.20x0,25mg | PLIVA |
| DECORTIN H 20 табл. 50 x 20mg | MERCK |
| DECORTIN H 5 табл. 20 x 5mg | MERCK |
| DECORTIN H 50 табл. 50 x 50mg | MERCK |
| DECOTAL маст 1mg/g(20g) | ALKALOID |
| DECOTAL крема 1mg/g(20g) | ALKALOID |
| DEKSAMETAZON+HLORAMFENIKOL капки за око (1mg+5mg)/ml(10ml) | REPLEKFARM |
| DIAZEPAM супп. 5 x 5 mg | JAKA 80 |
| DIAZEPAM супп. 5 x10 mg | JAKA 80 |
| DIAZEPAM обл.табл.30 x10mg | HABIT FARM |
| DIFLUKONAZOL капс. 7 x 100mg | REPLEKFARM |
| DIFLUKONAZOL капс.1 x 150mg | REPLEKFARM |
| DIFLUKONAZOL капс.7 x 200mg | REPLEKFARM |
| DIFLUKONAZOL капс.7 x 50mg | REPLEKFARM |
| DIKLOFENAK DUO капс. 20 x 75mg | JAKA 80 |
| DIKLOFENAK DUO капс. 30 x 75mg | JAKA 80 |
| DIKLOFENAK FORTE филм обл.табл. 20 x 50mg | JAKA 80 |
| DIKLOFENAK R филм обл.табл. 20 x 100mg | REPLEKFARM |
| DIKLOFENAK RETARD филм обл.табл. 20 x 100mg | JAKA 80 |
| DIKLOFENAK супп.10 x 100mg | JAKA 80 |
| DIKLOFENAK супп.10 x 50mg | JAKA 80 |
| DIKLOFENAK филм обл.табл.20 x 50mg | REPLEKFARM |
| DILACOR табл. 20x 0,25mg | ZDRAVLJE |
| DIPROL tabl. 500 x 500mg | ALKALOID |
| DOKSICIKLIN капс. 100 x 100mg | JAKA 80 |
| DOKSICIKLIN капс. 5 x 100mg | JAKA 80 |
| ECALIN vag. 3 x 150mg | JAKA 80 |
| ENALAPRIL 10 табл. 20 x 10mg | JAKA 80 |
| ENALAPRIL 20 табл. 20 x 20mg | JAKA 80 |
| ENALAPRIL 5 табл. 20 x 5mg | JAKA 80 |
| ENFEXIA табл. 10 x 250 mg | BILIM |

| Заштитено име на лекот | Производител |
|---|---|
| ENYGLID табл. 30 x 0,5mg | KRKA |
| ENYGLID табл. 30 x 1mg | KRKA |
| ENYGLID табл. 30 x 2mg | KRKA |
| EPIRAMAT табл.60 x 100mg | PLIVA |
| EPIRAMAT табл.60 x 25mg | PLIVA |
| EPIRAMAT табл.60 x 50mg | PLIVA |
| EQUORAL капс.50 x 100mg | IVAX Pharmaceuticals |
| EQUORAL капс.50 x 25mg | IVAX Pharmaceuticals |
| EQUORAL капс.50 x 50mg | IVAX Pharmaceuticals |
| ERYNORM филм обл.табл. 28 x 50mg | HEMOFARM |
| FLUKONAZOL капс. 7 x 100mg | JAKA 80 |
| FLUKONAZOL капс. 7 x 50mg | JAKA 80 |
| FLUKONAZOL капс. капс.1 x 150mg | JAKA 80 |
| FLUKONAZOL капс.1 x 150mg | SANDOZ-LEK |
| FLUOKSETIN капс. 30 x 20mg | JAKA 80 |
| FLUTASIN табл. 90 x 250mg | S.C.SINDAN PHARMASRL |
| FOROSA табл. 4 x 70mg | LEK |
| FOSTER(120dozi) | Chiesi FARMACEUTICI SPA |
| FOSTER(180dozi) | Chiesi FARMACEUTICI SPA |
| FURAL сусп.200mg/5ml(90ml) | ALKALOID |
| FURALкапс.20 x 200mg | ALKALOID |
| FURALкапс.30 x 100mg | ALKALOID |
| GLIBENKLAMID табл.30 x 5mg | REPLEKFARM |
| GLUCOPHAGE XR таблета со продолжено ослободување 30 x 500mg | MERCK |
| GLUFORMIN ER таблета со продолжено ослободување 30 x 500mg | PLIVA |
| HALOPERIDOL табл. 25 x 2mg | REPLEKFARM |
| HALOPERIDOL табл. 30 x 10mg | REPLEKFARM |
| HEMOMYCIN капс. 6 x 250mg | HEMOFARM |
| HEMOMYCIN филм обл.tab. 3x500mg | HEMOFARM |
| HIDROHLOROTIAZID табл.20 x 25mg | JAKA 80 |
| HISTASIN филм обл.табл. 20 x 10mg | ACTAVIS |
| HOLLESTA филм обл.табл. 30 x 10mg | ALKALOID |
| HOLLESTA филм обл.табл. 30 x 40mg | ALKALOID |
| HYDROCORTISON Маст 25mg/g(5g) | GALENIKA |
| IBUPROFEN сируп 100mg/5ml(100ml) | JAKA 80 |
| IBUPROFEN obl.tabl. 30 x 400mg | JAKA 80 |
| IBUPROFEN обл.табл. 30 x 200mg | JAKA 80 |
| IMUPRIN табл. 100x50mg | REMEDIKA LTD |
| IMUPRIN табл. 20x50mg | REMEDIKA LTD |
| INDOMETACIN супп.10 x 100mg | BELUPO |
| KALCIUM KARBONAT ALKALOID табл. 50 x 1g | ALKALOID |
| KALIUM CHLORID табл.20 x 500mg | JADRAN GALENSKI LAB. |
| KAMIREN табл.30 x 1mg | KRKA |
| KAMIREN табл.30 x 4mg | KRKA |
| KANSEN vag.табл. 3 x 200mg | ZDRAVLJE |
| KANSEN Вагинална крема 20 g (2%) + 3 plasticni aplikatori | ZDRAVLJE |
| KANSEN Крема 10mg/g(20g) | ZDRAVLJE |
| KARVEDILOL табл.30 x 25mg | REPLEKFARM |
| KARVEDILOL табл.30 x 6,25mg | REPLEKFARM |
| KARVEDILOL табл.30 x12,5mg | REPLEKFARM |
| KASEN Вагинална крема 20 g (2%) + 3 plasticni aplikatori | JAKA 80 |
| KASEN Крема 10mg/g(20g) | JAKA 80 |
| KASEN Раствор 1%(20ml) | JAKA 80 |
| KETOPROFEN FORTE филм обл.табл. 20 x 100mg | REPLEKFARM |
| KETOPROFEN RETARD табл. 20 x 200mg | REPLEKFARM |
| KETOPROFEN табл. 20 x 150mg | REPLEKFARM |
| KLAMOKS сусп.(125+31,25)mg/5ml(100ml) | BILIM |
| KLAMOKS сусп.(250+62,5)mg/5ml(100ml) | BILIM |
| KLAMOKS филм обл.табл.10 x (875+125)mg 1g | BILIM |
| KLARICIN филм обл.табл. 14 x 500 mg | REPLEKFARM |
| KLIMICIN капс. 16 x 150mg | SANDOZ-LEK |

# ОБЈАВА НА СПИСОК НА ЛЕКОВИ БЕЗ ДОПЛАТА КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ

| Заштитено име на лекот | Производител |
|---|---|
| KORNAM табл. 30 x 5mg | SANDOZ-LEK |
| KOTRIMOKSAZOL табл. 20 x (400+80)mg | JAKA 80 |
| KOTRIMOKSAZOL табл.20 x (100+20)mg | JAKA 80 |
| KOTRIMOKSAZOL сусп.(200+40)mg/5ml(100ml) | JAKA 80 |
| LAKEA филм обл.табл. 30 x 50mg | SANDOZ-LEK |
| LAMAL табл. 30 x 100 mg | ALKALOID |
| LAMAL табл. 30 x 200 mg | ALKALOID |
| LAMAL табл. 30 x 25mg | ALKALOID |
| LAMAL табл. 30 x 50 mg | ALKALOID |
| LAMICTAL табл. 30 x 25mg | GSK |
| LANSOPRAZOL PLIVA gastro reziz cap 28 X 30 mg | PLIVA |
| LATONINA Назален спреј 200U(2ml)(14дози) | FARAN |
| LEVODOPA /CARBIDOPAтабл. 100 x (250mg+25mg) | REMEDICA |
| LEVODOPA + KARBIDOPA табл. 100 x (250mg+25mg) | REPLEKFARM |
| LINAPIN капс. 20 x 200mg | REPLEKFARM |
| LINAPIN филм.обл.табл. 20 x 400mg | REPLEKFARM |
| LINDRON табл.28 x 10mg | KRKA |
| LIZINOPRIL табл.20 x 10 mg | JAKA 80 |
| LIZINOPRIL табл.20 x 20 mg | JAKA 80 |
| LIZINOPRIL табл.20 x 5 mg | JAKA 80 |
| LORATADIN сусп.5mg/5ml(120ml) | JAKA 80 |
| LORATADIN табл.10 x 10mg | JAKA 80 |
| LORATADIN табл. 10 x 10mg | REPLEKFARM |
| LORATADIN табл. 20 x 10mg | REPLEKFARM |
| LORATADIN табл. 20 x 10mg | JAKA 80 |
| LORISTA филм обл.табл. 28 x 100mg | KRKA |
| LOSARTAN ALKALOID филм обл.табл. 30 x 100mg | ALKALOID |
| LOSARTAN филм обл.табл. 30 x 50mg | REPLEKFARM |
| LOSARTIC филм обл.табл. 28 x 50mg | PLIVA |
| LUXETA филм обл.табл.28 x 50mg | PLIVA |
| LUXETA филм обл.табл.30 x 50mg | PLIVA |
| MACROPEN сусп.175mg/5ml(115ml) | KRKA |
| MACROPEN филм обл.табл.16 x 400mg | KRKA |
| MESALAZIN табл. 50 x 250mg | REPLEKFARM |
| MESALAZIN табл. 50 x 500 mg | REPLEKFARM |
| METFORMIN филм обл.табл. 30 x 1000mg | JAKA 80 |
| METFORMIN филм обл.табл. 30 x 500mg | JAKA 80 |
| METFORMIN филм обл.табл. 30 x 850mg | REPLEKFARM |
| METFORMIN филм обл.табл. 30 x 850mg | JAKA 80 |
| MINIRIN Назален спреј 0,1mg/ml (5ml) (50 dozi) | FERRING |
| MIRAPEXIN табл. 30 x 0,25mg | BOEHRINGER INGELHEIM PHARMA |
| MIRAPEXIN табл. 30 x 1mg | BOEHRINGER I NGELHEIM PHARMA |
| MONOVAS табл.20 x 10mg | M N PHARMACEUTICALS |
| MONOVAS табл.20 x 5mg | M N PHARMACEUTICALS |
| MOSMASS табл.4 x 70mg | RAFARM S.A. |
| MOXILEN капс.100 x 500mg | MEDOCHEMIE |
| MOXILEN капс.100 x 250mg | MEDOCHEMIE |
| MYCORIL vag.табл. 1 x 500mg | REMEDICA |
| MYCORIL vag.табл. 3 x 200mg | REMEDICA |
| MYCORIL Крема 10mg/g (20g) | REMEDICA |
| MYFORTIC табл. 120 x 180mg | NOVARTIS |
| MYFORTIC табл. 120 x 360mg | NOVARTIS |
| NIASPAN 1000 табл. 56 x 1g | MERCK |
| NIASPAN 500 табл. 56 x 500mg | MERCK |
| NIASPAN 750 табл. 56 x 750mg | MERCK |

| Заштитено име на лекот | Производител |
|---|---|
| NIFEDIPIN филм обл.табл. 50 x 10mg | JAKA 80 |
| NITROGLICERIN lingv. 40 x 500mcg | JAKA 80 |
| NITRO-MAK капс. 20 x 2,5mg | JAKA 80 |
| NORFLOKSACIN табл. 20 x 400mg | JAKA 80 |
| NOVAMORF подјазични табл. 20 x 20mg | ALKALOID |
| OLANZAPIN филм обл.табл. 30 x 10mg | REPLEKFARM |
| OLANZAPIN филм обл.табл. 30 x 5mg | REPLEKFARM |
| OMEPRAZOL капс. 14 x 20mg | JAKA 80 |
| OMEZ капс. 20 x 20mg | DR.REDDY S LABORATORIES LTD. |
| OPRYMEA табл. 30 x 0,25mg | KRKA |
| OPRYMEA табл. 30 x 1mg | KRKA |
| O RVAGIL табл. 20 x 400mg | GALENIKA |
| OSPEN Сируп 750.000IU/5ml(60ml) | KRKA |
| OSTEOPOR табл.4 x 70mg | GLFITOPHAСкопје, Р. Македонија место BIOSPRAY |
| PANAZE капс.20 x (9000U+10000U+500U) | KRKA |
| PANCEF сусп.100mg/5ml(100ml) | ALKALOID |
| PANCEF сусп.100mg/5ml(60ml) | ALKALOID |
| PANCEF табл. 10 x 400mg | ALKALOID |
| PANCEF табл. 5 x 400mg | ALKALOID |
| PANKLAV филм обл.табл. 20 x (500+125)mg 625mg | HEMOFARM |
| PANKLAV 2X филм обл.табл.14 x (875+125)mg 1g | HEMOFARM |
| PANKLAV 2X сусп.(400+57)mg/5ml (140ml) | HEMOFARM |
| PANKLAV филм обл.табл.15x(250+125)mg 375mg | HEMOFARM |
| PARACETAMOL tabl. 500 x 500mg | JAKA 80 |
| PARACETAMOL tabl. 500 x 500mg | REPLEKFARM |
| PARACETAMOL sir. 120mg/5ml (100ml) | JAKA 80 |
| PAROKSETIN филм обл.табл. 30 x 20mg | REPLEKFARM |
| PAROKSETIN филм обл.табл. 30 x 30mg | REPLEKFARM |
| PHENOBARBITAL ALKALOID табл. 30 x 100mg | ALKALOID |
| PHENOBARBITAL ALKALOID табл. 30 x 15mg | ALKALOID |
| PHENOBARBITO N табл.10 x 100mg | PLIVA |
| PLITO P табл. 50 x 0,1mg | PLIVA |
| PLODIN 20 табл. 30 x 20 mg | JAKA 80 |
| PLODIN 40 табл. 30 x 40 mg | JAKA 80 |
| RADOMIN обл.табл. 20 x 400mg | JAKA 80 |
| RANITIDIN филм обл.табл. 20 x 150mg | JAKA 80 |
| REBETOL капс.168x200mg | SCHERING-PLOUGH |
| RECALCITO N Назален спреј 200U(2ml)(14дози) | REPLEKFARM |
| RECIPROKS филм обл.табл. 10 x 250mg | REPLEKFARM |
| REFERUM раствор за орална употреба 100mg/5ml (100ml) | REPLEKFARM |
| REFERUM сируп 50mg/5ml (100ml) | REPLEKFARM |
| REFERUM таблети за џвакање 30 x 100mg | REPLEKFARM |
| RENAPRIL табл. 20 x 20mg | REPLEKFARM |
| RENAPRIL табл. 20 x 5mg | REPLEKFARM |
| RENAPRIL табл. 20 x10mg | REPLEKFARM |
| REODON табл. 90 x 0,5mg | PLIVA |
| REODON табл. 90 x 1mg | PLIVA |
| REODON табл. 90 x 2mg | PLIVA |
| RESILO филм обл.табл. 20 x 25mg | DR.REDDY S LABORATORIES |
| REVASTAT филм обл.табл. 30 x 10mg | REPLEKFARM |
| REVASTAT филм обл.табл. 30 x 20mg | REPLEKFARM |
| REVASTAT филм обл.табл. 30 x 40mg | REPLEKFARM |
| RIFAMOR капс. 16 x 300mg | GALENIKA |
| RINOCO назален спреј 50 mcg/doza | IVAX |
| RISPERIDON филм обл.табл.20 x 1mg | REPLEKFARM |

| Заштитено име на лекот | Производител |
|---|---|
| RISPERIDON филм обл.табл.20 x 2mg | REPLEKFARM |
| RISPERIDON филм обл.табл.20 x 3mg | REPLEKFARM |
| RISPERIDON филм обл.табл.20 x 4mg | REPLEKFARM |
| SALBUTAMOL ALKALOID табл.60 x 2mg | ALKALOID |
| SERETIDE DISKUS (60 Dozi) | GSK |
| SERETIDE DISKUS (60 Dozi) | GSK |
| SERETIDE DISKUS (60 dozi) | GSK |
| SETALOFT филм обл.табл. 28 x 100mg | ACTAVIS |
| SETALOFT филм обл.табл. 28 x 50mg | ACTAVIS |
| SIZAP филм обл.табл. 30 x 10mg | ALKALOID |
| SIZAP филм обл.табл. 30 x 5mg | ALKALOID |
| SPAZMOTROSPIUM табл. 20 x 5mg | REPLEKFARM |
| SPIRIVA прашок за инхалирање, капсула | BOEHRINGER INGELHEIM PHARMA |
| STATEX табл. 28 x 10mg | PLIVA |
| STATEX табл. 30 x 40mg | PLIVA |
| STATEX табл. 28 x 20mg | PLIVA |
| SULFASALAZIN EN табл. 50 x 500mg | KRKA |
| TAFEN назален спреј 50mcg/doza | SANDOZ-LEK |
| TAMLOS капс.30x400mcg | ALKALOID |
| TAMOXIFEN табл.30 x 10mg | REMEDICA |
| TANYZ капс.30x400mcg | KRKA |
| TERAZOSIN табл. 30 x 2mg | REPLEKFARM |
| TERAZOSIN табл. 30 x 5mg | REPLEKFARM |
| TIAMAZOL табл. 20x10mg | JAKA 80 |
| TIAMAZOL табл. 20x20mg | JAKA 80 |
| TIMOLOL ALKALOID капки за очи 5mg/1ml (5ml) | ALKALOID |
| TINIDIL lingv. 40 x 5mg | PLIVA |
| TO RVEX филм обл.табл. 30 x 10mg | ALKALOID |
| TO RVEX филм обл.табл. 30 x 20mg | ALKALOID |
| TO RVEX филм обл.табл. 30 x 40mg | ALKALOID |
| TRAMADOL капс. 20 x 50mg | JAKA 80 |
| TRAMADOL супп.5 x 100mg | JAKA 80 |
| TRIMOKSAZOL сусп.(200+40)mg/5ml(100ml) | REPLEKFARM |
| TRIXIN капс.100 x 250mg | TEVA PHARMACEUTICAL |
| TRIXIN капс.50 x 500mg | TEVA PHARMACEUTICAL |
| TULIP филм обл.табл. 30 x 20mg | SANDOZ-LEK |
| TULIP филм обл.табл. 30 x 40mg | SANDOZ-LEK |
| UNIKLAR сусп.125mg/5ml (70ml) | M N PHARMACEUTICALS |
| UNIKLAR филм обл.табл.14 x 250mg | M N PHARMACEUTICALS |
| UNIKLAR филм обл.табл.14 x 500 mg | M N PHARMACEUTICALS |
| URSOFALK (250ml) | Dr.Falk Pharma GmBH |
| VAGIFEM vag. 15 x 0,025mg | NOVO NORDISK |
| VASOFLEX табл. 60 x 2mg | ALKALOID |
| VASOFLEX табл.30 x 1mg | ALKALOID |
| VASOFLEX табл.60 x 5mg | ALKALOID |
| VERAPAMIL 40 филм обл.табл. 30 x 40mg | JAKA 80 |
| VERAPAMIL 80 филм обл.табл. 50 x 80mg | JAKA 80 |
| VERAPAMIL ALKALOID обл.табл. 30 x 40mg | ALKALOID |
| XANAX табл. 30 x 0,25mg | PFIZER |
| XANAX табл. 30 x 0,5mg | PFIZER |
| XORIMAX табл. 10 x 250mg | SANDOZ-LEK |
| XORIMAX табл. 10 x 500mg | SANDOZ-LEK |
| ZALASTA филм обл.табл. 28 x 10mg | KRKA |
| ZALASTA филм обл.табл. 28 x 5mg | KRKA |
| ZEFFIX филм.обл.табл. 28 x 100mg | GSK |
| ZONADIN филм обл.табл.20 x 10mg | PLIVA |


emporia
Network
12:35
Fri 20. 08. 2010
emporia
emporiaELEGANCE
▪ Македонско мени
▪ Екран во боја 65к
▪ Повици и смс пораки
▪ Многу големи копчиња
▪ Голем фонт на екранот
▪ Многу силен звучник
990 ден.
Со Пензионер во Доверба 24
Супер подарок за баба и дедо!
Совршен пакет за сите пензионери!
Конечно телефон и тарифа за пензионери! Новиот телефон Emporia, наменет токму за секој пензионер, нуди едноставно мени на македонски јазик, екран во боја, силен звучник и големи букви за подобра видливост. Дополнително тука е и тарифата „Пензионер“ на T-Mobile, со совршена понуда за секој пензионер, разговори за само 3, 43 денари со сите пензионери како и со најблиските 4 броја избрани во Мојот круг, и сето тоа за најниска месечна претплата од само 236 денари.
Побарајте ја Пензионер тарифата во најблиската продавница на Телеком.
Повеќе информации на www.t-mobile.mk
Сподели доживувања
T · · Mobile · · ·

Од свој агол

# Наместо демант

За овој број на весников не можев да ја прескокнам ѓурултијата што ја кренаа неколкумина поттикнати пензионери пишувајќи писма за пензионерската членарина и со инсинуации и манипулации доведоа во заблуда уште толкумина нивни поддржувачи. Веројатно мирно ќе си поминев покрај "викотницата" и немаше да реагирам, ако беше кренат глас на незадоволниците во некое не толку афирмирано гласило како што е "Дневник". Затоа, уште повеќе сум загрижен за професионалниот однос на Редакцијата, која дозволи да се пласираат непроверени информации, згора на тоа и чудни, без оглед на држењето за демократското искажување на соработниците и на читателите. Се прашувам, како би реагирале почитуваните уредници, сега, ете, можеби со задоцнување, да објавиме некое наше непроверено сознание за „Дневник", а сето тоа да го спакуваме во писмо од читателите и да се правиме недоветни. Но, да го оставиме тоа настрана.

Наведувајќи некои божемни факти, пишувачите, (двајца или тројца – такво мислење имаат повеќето апологети на вистината за пензионерската организација) се фаќаат во сопствената мрежа на незнаењето и тоталната неинформираност што ги одвела до излитеното и со ништо непоткрепено тврдење, не само за "незаконското" собирање на членарината, туку и за надоместоците на раководствата, па се срамотат пред јавноста која ја знае вистината. Од нивните писанија навистина се добива впечаток дека се поранешни функционери, кои имаат намера да ја обезвреднат најбројната невладина, непартиска и мултиетничка организација, која им го обогатува и олеснува животот на пензионерите.

Не знам дали да се согласам со ваквиот впечаток, зашто уште повеќе ќе ме загрижи и разочара сознанието дека такви отслужени функционери не знаеле дека не постои Сојуз на пензионери на Македонија, туку дека тоа се 4 сојузи и не сакам понатаму да им објаснувам за структурата на организацијата и да им го толкувам Статутот, а ако се желни и жедни за знаење и за вистината за Сојузот, нека повелат кога сакаат, вратата им е ширум отворена. Впрочем, ако нешто знаат за нечесните дејанија на Сојузот и во здруженијата на пензионери, во надлежните служби слободно можат да пријават и така побрзо ќе се ослободат од товарот кој, веројатно, многу ги измачува. Сега, зошто, се прашувам, ним да им кажувам и да им објаснувам дека во Сојузот постои внатрешна, а и надворешна контрола, која врши надзор посебно над финансиското работење и дека на 19.05. 2011 година Управата за јавни приходи на Министерството за финансии констатирала дека нема неправилности во финансиското работење на СЗПМ. Или пак да им контрирам за тврдењето за непроменливоста на органите и телата со фактите дека над 80% членови на Собранието се новоизбрани, или 90% се нови членови во Извршниот одбор, а да не го спомнувам претседателот и потпретседателот на Собранието, како и потпреседателот и секретарот на ИО, кои, исто така, се новоизбрани.

Сакав да кажувам за активностите и за вклучувањето во нив поголем број пензионери, за што и порано имам пишувано, како и за рекордите што ги има постигнато Сојузот оваа година во ангажираноста и опфатеноста на членовите, за промовирањето на новата акција „Од вас за вас", со која условно им се враќа членарината на членовите, за тенденцијата во достигнувањето европски стандарди, за подготовката и вклучувањето во одбележувањето на идната 2012 година, која ЕУ ја прогласи за година на активно стареење и на меѓугенерациска солидарност и соработка за стари лица и друго. Сепак, овде застанувам и ги повикувам сите добронамерници и злонамерници да се соочат со фактите и да и погледаат в'очи на вистината за најмасовната пензионерска организација. Зашто, на лагата, навистина и се кратки нозете. И, не дозволувајте тие да ве одведат таму некаде, откаде што тешко или никако не можете да се вратите!

**М. Димовски**

Промоција на монографијата „Странски воени споменици"

# Сведоштво за трагедијата на Македонија

На 10 ноември, во Домот на АРМ, беше промовирана монографијата „Странски воени споменици" – спомен обележја и воени градби во Република Македонија од првата половина на 20. век, на македонски и на англиски јазик, од авторите проф. д-р. Марјан Димитријевски и генералот Борис Стојаноски. На промоцијата присуствуваа абасадорите во Македонија од Франција, Велика Британија, Германија, Турција, Србија, Словенија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора и Унгарија, претставник на Нато штабот во РМ, претставници на Министерството за одбрана и Министерството за труд и социјална политика, началникот на ГШ на АРМ, пензионирани генерали и воени старешини од ЗВП, претставници на Воената академија „Михајло Апостолски"и други љубители на пишаниот збор.

Поздравен говор и воведно излагање за трудот имаа авторите, проф. **д-р Марјан Димитријевски** и генералот **Борис Стојаноски**, а главни промотори на монографијата беа генералите



**Ристо Дамјановски** и **Мирослав Стојановски**.

– Трудот „Странски воени споменици", како научна студија со интердисциплинарна содржина, всушност е „вечна" тема од животна важност за народот и за Државата во целина. Ги осветлува сложените проблеми на војните водени во првата половина на 20-тиот век, ја разоткрива вистинската природа, ефектите и последиците врз развојот на хуманизмот и демократското општество. Покрај терминолошкото дефинирање и креативното меморирање на воените гробови, спомениците и спомен обележјата за вистината на настаните што се случувале на нашиот простор, се разоткрива и маката на македонскиот народ, кој за време на војните насилно бил ставен во служба на туѓи интереси. Затоа, доволно е да се прочита и да се разбере пораката на оваа книга – „Воените гробови порачуваат што теба да направат државните органи, ако сакаат да не се повтори трагедијата што ја доживеавме во почетокот на 20-тиот век, – рече покрај другото, генералот Дамјановски.

**М.Д.**

Траги во времето

# Јазикот е еден од столбовите на идентитетот на еден народ



Кога еден просветен работник, кој зачекорил во деветтата деценија од животот, ќе се сретне со своите поранешни ученици, исто така веќе луѓе од третата доба, возбудата и радоста се неминовни. Таква возбуда, враќање во минатото и радост заради резултатите од својот благороден труд, ја обзедоа и Магдалена Групче, професорка по македонски јазик во пензија. Таа и нејзините ученици од генерацијата 1957/58 година во учителската школа „Никола Карев" се прегрнаа на јубилејната средба по повод педесетгодишнината од дипломирањето. Јубилејот златен – восхитот бескраен, срцата растреперени. Книгата и учениците биле нејзината најголема љубов. Свесна дека учителот треба да ја сака книгата, литературната уметност, а пред сѐ македонскиот јазик, како еден од столбовите на идентитетот на еден народ, за да може таа љубов да им ја пренесе подоцна и на своите ученици, професорката Групче, грижливо и професионално ги внесувала своите ученици во волшебниот свет на уметничкото изразување. Тоа го нагласи и во краткото поздравно обраќање на свеченоста на 5 октомври на Денот на учителите, која се одржа во гимназијата „Никола Карев".

Учениците се гордеат со своите професори. Но и професорите се гордеат со своите ученици, особено со оние кои постигнале врвни резултати. Така професорката Групче не потсети на Огнен Настов и Павлина Климкаровска:

Огнен станал студент на Масачусетс Институтот за технологија во САД, а потоа научник, а Павлина освоила втора награда за лична творба на меѓународен конкурс во Њу Делхи, Индија.

Професорката Групче, по трансформацијата на Учителската школа „Никола Карев" во гимназија, продолжила таму со други ученици, но со иста желба. За својата работа и професија таа вели:

Ние професорите по македонски јазик и литература настојувавме наставата

по овој предмет да има заслужен третман и место во воспитно-образовниот процес. Чистиот литературен јазик, знаењата од литературата, усвоениот правопис, мора да се вградат во ученичкото секојдневје и да станат нивно скапоцено богатство. Ние Македонците имаме посебни причини за културен однос кон својот јазик и заради ред неправди што ни ги нанела историјата мораме постојано да го имаме на ум повикот на професорот и поет Блаже Конески дека „јазикот е нашата татковина и најголемата одговорност за него лежи врз македонските интелектуалци".

Паралелно со таа размисла, таа ја изразува својата загриженост од најновите состојби со литературниот јазик во Република Македонија. Несфатлива е недоволната грижа за јазикот, речиси во сите средини, а особено загрижува сѐ помалиот број млади луѓе што студираат македонски јазик на универзитетите.

Иако дневникот го оставила во 1988 година, таа и денес живее со книгата, со македонскиот јазик и со спомените.

**П. Миленкоски**

# Спортска средба со натпреварувачки дух и другарување

На 27.10.2011 година, во Кратово во хотелот „Кратис" се одржаа 25-тите традиционални меѓуопштински спортски пензионерски натпревари на пензионерските здруженија на општините: Кратово, Пробиштип, Крива Паланка и Свети Николе.



Пензионерите се натпреваруваа во шах, пикадо, табла, домино и карти- жени и мажи. Во натпреварите зедоа учество вкупно 130 натпреварувачи.

На свеченото отварање претседателот на ЗП Кратово **Љупчо Ангеловски** говореше за развојот на пензионерското организирање, а игрите ги отвори градоначалникот на Општина Кратово, **Мите Андоновски.**



Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** потсети на одбележувањето на 65 годишнината на пензионерското организирање во Македонија и ги врачи јубилејните благодарници на здруженијата: Кратово и Свети Николе. Спортската средба мина во натпреварувачки дух и дружење.

**М. Антевски**

40 – години од завршувањето на Воената академија

# Средба за паметење

Само во мислите е можно времето да се врати 40 години наназад и тогаш сеќавањата навираат, а настаните оживуваат. Ти се чини како сето тоа да не се случило толку одамна, како да било вчера... Мислите патуваат нанапред и наназад, а среќата и задоволството е огромно кога ќе се случи и физички да допатувате таму каде што ве водат мислите. Така и се случи!

Местото и датумот беа однапред одредени и предвидени: Воена академија на копнената војска во Белград, така се викаше порано, а датумот: 14 октомври 2011 година. Не беше одредена и предвидена силината на чувствата и на возбудата заради средбата.

И како што е ред и обичај во се што е поврзано со војската, некогашните питомци на 24-та класа беа уредно и навреме известени за средбата. Се беше добро организирано и се се случуваше како на филмска лента, како во сон. После 40 години, повторно на истото место се собравме припадници на една генерација академци, кои после школувањето беа раштркани по бившите ЈУ простори. Четири полни години овде заедно го минувавме времето, ги изучувавме воените науки и вештини, другарувавме, го делевме и доброто и лошото. Истото место, но ние не бевме исти. Некогаш млади момчиња сега во третата доба речиси сите до еден пензионери!

И убавото време како да сакаше да ни ја зголеми радоста и среќата заради повторното среќавање. Почетокот беше исполнет со срдечни поздрави,



прегратки и препознавања, бидејќи од некогашните стројни млади момчиња останале само физиономијата и сеќавањата преполни со возбуда и емоции. Среќата и радоста заради средбата го поматуваше само сознанието дека некои од генерацијата веќе не се меѓу живите. Од 700-тини тогашни питомци, сега едвај стоосумедсетина пензионери дојдоа за да го одбележат 40-годишниот јубилеј од завршувањето на Академијата, но за жал и тоа е дел од животот. Тие што се живи продолжуваат да живеат и да се среќаваат и да се сеќаваат...

Откако се собравме пред зградата, препознавајќи се и евоцирајќи спомени за минатото, повторно се построивме и со војнички чекор се упативме кон кино-салата. После беседата на преставници на Организациониот одбор и поздравниот говор на началникот на сегашната Воена академија, беше организирана обиколка на Академијата, која заврши со заедничка фотографија на фискултурното игралиште. Другарувањето продолжи во Домот на Армијата во Белград, каде што беа разменети многу адреси и телефонски броеви, а беше договорено и повторно видување.

На оваа средба учествиваше и група од седумнаесетина македонски пензионирани офицери кои, покрај другарувањето, низ неврзан разговотр и размена на мислења, достојно го презентираа развојот на Армијата на Република Македонија и придобивките од осамостојувањето на нашата земја. Оваа генерација пензионери, за волја на вистината, речиси сите беа сведоци како и учесници во спротивставени воени конфликти при распаѓањетио на Титова Југославија, што остави длабоки траги во сеќавањата и многу семејни трагедии и последици. За среќа, овие денешни воени пензионери од нашата земја преполни со мудрост и со искуства, имаат доблест и сила да ги подучуваат и насочуваат младите генерации во чувањето на слободата и на човечките животи како непроценливи вредности, бидејќи знаат дека тоа се вистинските вредности!

**Мендо Димовски**

# Живеат во Торонто, но со мислите и душата се во родната Македонија

Иселеникот Јордан Кочовски и неговата сопруга Евдокија се родени во селото Градешница битолско Мариово. Тие во Торонто – Канада се иселиле во 1980 год. каде пред тоа работел и живел нивниот син Дано Кочовски. Првите печалбарски долари Јордан ги заработил во приватни фирми во градот Торонто.

Во 1991 година Јордан се пензионира како борец – ветеран во Втората светска војна. По пензионирањето, тој активно се ангажира во работата на МПЦ, Св. Климент Охридски во Торонто. Неколку години членува и активно работи во Управно – црковниот одбор на овој катедрален македонски храм. Како секретар активно работи и во Клубот на пензионерите, во кој членуваат над 250 пензионери. Секој четврток во големата трпезарија на црквата Св. Климент Охридски пензионерите со македонско потекло, кои живеат во Торонто се собираат на заеднички ручек. При ручекот евоцираат спомени и доживувања од нивната родна татковина Македонија. Си спомнуваат за нивното детство, за школувањето, младешкиот живот и други доживувања од родните краеви. Во празниците Јордан со сопругта Евдокија се со внуците од синот Дано. Одат на излети на водопадите на реката Нијагара и други излетнички места во околината на Торонто.

– Во Канада имаме убав живот, но тоа не е доволно за да ја ублажи носталгијата за родната и мила мајка Македонија – ни рече сонародникот Кочовски при една наша средба.

Јордан речиси секоја втора година на Илинден престојува во Македонија, со цел да ја ублажи носталгијата за родната грутка.

Инаку овој наш сонародник долги години бил читеател и претплатник на списанието „Македонија", што го издаваше Матицата на иселениците во Скопје кое повеќе не излегува.

Јордан, како и многумина наши сонародници од дијаспората Македонија ја носат во срцата. Тие се желни во рацете да имаат некој македонским весник, за да дознаат за новостите од татковината.

**Т.Босеовски**

Пензионерката – поетеса Љубинка Давидовска

# Немирни огнови во душата



Името на **Љубинка Давидовска** добро им е познато на кочанчани, па и на пошироката јавност. Оваа 74–годишна пензионерка–поетеса досега има објавено 27 книги поезија и со несмалено темпо уште твори и создава нови наслови. Од нејзините почетоци со „Чудните чуда" преку немирниот дух, таа стигна до дваесетиседмата стихозбирка „Немирни огнови" во која низ двата циклуса: „Прекршување на времето" и „Мирисот на билките" може да се почувствува силината на нејзината поетска раскошност.

– Резултат на тие немирни огнови во душата на Љубинка се песните од оваа најнова стихозбирка со која авторката наговестува дека творечкиот немир не стивнува, туку таа ќе создава нови стихозбирки, – вели рецензентот, професорката Славица Цветкова.

Покрај поезија, Давидовска пишува и проза за деца и возрасни, а се појави и како автор на помалку практикуваните форми во литературата – детските дидактички рециталчиња и драмички. Своевремено беше и соработник на „Просветена жена„, а сега пензионерските денови ги поминува во пишување или читање книги и секогаш време и недостасува. Долгогогодишен член е на матичната библиотека „Искра" а била и претседател и еден од најактивните членови на Литературниот клуб „Копнеж" кој постои и дејствува 45 години.

Воодушевени од творештвото на поетесата, на одење и посакавме многу здравје и успех во подготовката и објавувањето на следната стихозбирка.

**Слободан Арсов**

## ФЕНЕРИТЕ НА ДЕДО МИ

Во тишината на ноќта
Ромореле сите соништа.
Во душата на каменот
Се преточувале мислите.
Огнено време и пукот од сите страни.
Како горело времето
Тие на раме и во преграл
Ме носеле, ме криеле, та душа,
да ми спасат. Сувите дланки
Им се плетеле во моите косички.
Сестри мои, сега корените ни
Гранат родени од бело семе.
Плодовите ни зреат во грлото на реката.
Фенерите на дедо ми
блескале и во најголемо невреме.

**(Од најновата збирка „Немирни огнови")**

Монографија за Периша Савелиќ – Самсон од Крсто Здравковски

# Осветлување на ликот и делото на револуционерот




Монографијата за Периша Савелиќ – Самсон од авторот **Крсто Здравковски** излезе на виделина по неодамнешната промоција во просториите на Градскиот одбор на Сојузот на борците на НОАВМ во Скопје, кога пред повеќе љубители на пишаниот збор, соборци на револуционерот, негови роднини и други присутни, за ликот и делото на Периша Савелиќ зборуваше неговиот соборец **Перо Ивановски - Тиквар**. Тој со посебен пиетет и поклон кон делото и личноста на херојот, ја истакна неговата улога и придонесот во формирањето на Првиот скопски партизански народноослободителен одред, за што бил осуден на смрт и во цутот на младоста на 22 години во 1942 година бил обесен во Софискиот затвор.



За трудот на авторот зборуваше редакторот на Монографијата **Петар Карајанов,** кој искажа благодарност за напорите при собирањето на историските факти и автентичниот приказ на настаните со кои се осветлува ликот и делото на револуционерот. Благодарение на Градската организација на Сојузот на борците на Скопје, која после толку години и настојувања најде сили да го потпомогне излегувањето на овој труд, како и на ЗП Кисела Вода.

Авторот Крсто Здравковски во своето обраќање кратко се осврна на ликот на Периша, кого го нарече силен народен јунак.

**М.Д.**

## ЧЕСТИТ ЈУБИЛЕЈ

**Ч**естит празник, светол јубилеј
**Е**те сакам да ви честитам,
**С**вечено да го прославиме
**Т**ака, да личи на чествување.
**И**гри, песни од душа да излееме
**Т**апани и гајди, сложно да запееме.
**Ј**ас од се срце ви посакувам
**У**бавини и здравје да си имате
**Б**езгрижни да Ви минуваат дните.
**И**мајте радост во семејствата
**Л**еснотија, среќа и разбирање.
**Е**динствена мисла да ве води
**Ј**асна мисла, ѕвезда водилка.

**Петар Стефанов**
**пензионер од Неготино**

# Творби за сите вкусови



Мице Пашоевски целиот свој работен век го има поминато како дописник од општините Демир Капија и Неготино, а објавувал информации од сите области во Македонското радио, Радио Скопје, во „Нова Македонија", „Вечер", „Просвета", „Трудбеник", „Стопански весник", „Трибина" и во други списанија. Истовремено пишувал детски песни, раскази, драми и романи. Има објавено повеќе книги, меѓу кои попознати му се: „Искушение", „Писмо", „Препознавање", „Враќање", „Снегулка", „Стапица", „Вжарени искри", „Приказна од животот", "Анализа" и "Видовитата девојка". Во весникот „Нова Македонија" во продолжени–ја го има објавено романот "Вториот живот на Ѓорѓи". Наскоро од печат треба да излезат книгите: „Не чекај по вторпат да ти простам" (збирка раскази), „Болната принцеза" (детска драматизирана сказна) и стихозбирката за деца „Кажи златно сонце". За печат има подготвено уште четири ракописи.

За да се запознаеме подобро со неговото творештво, еве неколку збора и за последната негова сказна за деца и возрасни „Видовитата девојка", која навистина може да биде интересна лектира за љубителите од сите возрасти. Со тоа Мице Пашоевски сакал и успеал светот на сказните да го приопшти и кон возрасните, зашто сказните се дел од секое детство, па и на она што поминало. Најголемата вредност на текстот е секако тоа што авторот успешно ги спојува сказновидното и модерното. Неговите ликови како да доаѓаат од сказната, но живеат овде и сега.Тие имаат и модерни навики и однесувања, современи погледи кон светот и она што се случува во него, а сепак се од сказните. И дамнешни, и модерни. И далечни и блиски.

Во Демир Капија е познат како долгогодишен директор на Домот на културата и како актер и режисер на Аматерскиот театар во овој град. На сцена има поставено повеќе негови пиеси, а ги има драматизирано и режирано „Ајдучка чешма" од Видое Подгорец, „Калеш Анѓа" од Стале Попов и детските сказни: „Аловото цвеќенце", „Снежана и седумте џуџиња" и „Свињарот".

За активноста што ја пројавувал многу години има добиено Осмоноемвриска награда од општината Неготино, Седмоноемвриска награда од општината Демир Капија и признанија од КПЗ на Република Македонија и од Радио телевизија Неготино. Тој се уште слободното време го поминува во пишување и помагање на Аматерскиот театар.

**Ц.И.**

Интервју со д–р Васил Тоциновски

# Симбиоза на редок човек, творец и научник

**Д-р Васил Тоциновски е редовен професор, раководител на Катедрата за македонски јазик на Универзитетот во Риека. Одбивам да верувам дека има читател кој нема увид барем во дел од неговиот разновиден творечки опус. Па сепак, професоре, речете нешто за себе, да го задоволиме основното љубопитство на н а ш и т е читатели.**



Судбината посакала да се родам во знакот на двоен лав, далечната 1946 година, во питомото гевгелиско село Стојаково. Мојот дедо во тоа скудно повоено време дошол во Велес и со себе, на сигурно, ја прибрал ќерката Спасија која наскоро требало да се породи. Три месеци потоа се вратил војникот Стојче и со себе го повел, сега веќе семејството: жената и тримесечниот син назад. Простете, ако звучи самобендисано, што постојано ја истакнувам гордоста оти сум дел од традицијата и континуитетот на овој древен град, стожерник на нашето македонствување. По осмолетката во „Св. Кирил и Методиј", гимназија завршив во „Кочо Рацин". Тоа е времето на моето вистинско созревање и профилирање. Со Рациновата стипендија полесно ги минав студентските денови и во 1969 година дипломирав на групата Историја на книжевностите на народите на СФРЈ на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје.

**Првите работни обврски. Какво влијание имаа на вашите подоцнежни творечки пориви?**

Веднаш по дипломирањето, есента се вработив во Телевизија Скопје каде минав цели две децении. Од новинар приправник, до коментатор и уредник, па главен и одговорен уредник на Втората програма и на Секторот за училишна, образовна и научна програма. Да спомenam дека во некогашната Македонска телевизија тогаш работеа над стотина писатели. Тоа беше една убава средина во која секој вреден и надарен поединец добиваше шанса да се реализира. Тие години со своите први книги се посведочив и како писател. Во 1989 година заминав на работа во универзитетските институции кои ми овозможија целосно да ѝ се посветам на науката. Сите животни и творечки врвици основното место и значење ги имаат во континуитетот. Имав среќа и можност да си ги оствaрам соништа од таа област.

**Колку време потрошивте на Вашата младешка љубов, литературното творештво. Има ли некоја посебна тематска оска или тоа е светот на младите и возрасните со дневните животни преокупации?**

Постои златно правило оти еден живот како возвратна мера бара друг живот. Или едноставно речено за животот на литературата мора да го даруваш сопствениот, еднаш и кратко даден, човечки живот. Импровизации и интриги нема, тие брзо се препознаваат и обезвреднуваат, ве снемува во темнината и правот. Се радувам што ме служи здравјето и со подеднаква страст и љубов можам и натаму да ѝ се предавам и на, како што велите, мојата младешка љубов. Книжевноста постојано извира и го одразува самиот живот, но да не заборавиме оти притоа таа секогаш била и останала нешто повеќе од самиот живот. Тоа ќе рече оти творецот создава во своето време и опкружување. Активно присутен и вграден во катаднеевието. Во неговите радости и болки, победи и порази, копнежи и соништа. Не признавам автор сам за себе, затворен во сопствениот кабинет, со своите идеи и идеали. Тој можеби има мајсторство и знаење, но нема душа. А без неа нема ни свет, ни човек, ни живот. Тоа ти е како со условната поделба, да речеме, на литература за деца и млади и на онаа за возрасни. Единствената назнака на секое книжевно дело е само неговата естетска вредност. И секако, откривањето и препознавањето на универзалните човечки димензии во него.

**Кога ја погледнав Вашата хронологија педантно срочена во книгата „Мост од суница", се штрекнав. Има ли овој човек време, си реков, покрај работата, што може да си го посвети себе, на семејството, на блиските. Навистина, како стоите со времето?**

Народната мудрост поучува оти нема ништо што човек не може да создаде и совлада. Потребна е само бескрајна позитивна енергија. За мене семејството е и благослов и богатство. По природа сум динамичен и љубопитен човек. Мислам оти имам добри работни навики кои се трудам да ги исполнам чесно и до крај. Но, и тоа не е доволно да се биде свој на своето. Секогаш мислам со сопствена глава, расудувам и така постапувам, независно дали тоа некому му се допаѓа или не, зашто битно е јас да верувам и да бидам сигурен во себе. Е, тука е спомenатото време. Секој минат миг станува конечно минато, кое никогаш не се враќа. Затоа се самоорганизирам на начин што подобро и покорисно да го употребам дадението време. Запишаниот месечен план точно одредува што треба да се сработи, да се исполни, мислејќи на иднината, без која нè нема; да се бележат новите идеи. Така взаимно со времето работиме и дејствуваме, мислам оти досега добро ни оди, да сме живи и здрави!

**Пописот на сè она што сте го сработиле во изминативе децении на полето на книжевната историја и есеистика импресионира. Како се дефинирате себе си: како литерат или како научен истражувач?**

Припаѓам на онаа помалубројна група трудбеници кои во себе ги обединуваат писателот и научникот. Мислам оти тоа е условно совршена комбинација, ништо необична. Во таа взаимност никој никому ништо не му одзема, не го омаловажува, напротив тие меѓусебно се дополнуваат, дообјаснуваат и доречуваат. И она што особено сакам да го потенцирам е нивното облагородување. Како вредносен пример,со висок респект би го спомнал мојот професор академик Гане Тодоровски. Како би се дефинирал себеси! Едноставно како неуморен истражувач, вљубеник и во едното и во другото, како едно цело и неделиво. Богатство е кога имате две нешта. Како што сум богат човек со своите Стојаково и Велес, исто така сум среќен како писател и како истражувач, научник. Тие се и прекрасен простор за одредени бегства. Ви здодеало од научните факти и аргументи, од строгоста на историјата, па посакувате да им се препуштите на своите соништа и копнежи. Имате ли побезбеден небосклон од песната, расказот или романот. Тие се ваше слатко ропство. Птица сте во бескрајни небесни синевини. Кога ќе посакате повтор можете да им се вратите на истражувањата и науката оти тие се смисла и логика на егзистенцијата.

**Наведете некои од своите најзначајни трудови кои поради својата културно- историска и друга вредност Ве прават посебно горд!**

За писателот секоја книга е дете, негова рожба. Како да ги одвоите и да ги подредите во некаква хиерархија! Арно ама и прстите на раката не се исти! Тоа ќе рече оти има нешта кои се помнат потрајно, нешта кои оставиле посебен пален знак на вас. Ќе се обидам да одвојам понешто. Тука е секако монографијата "Зборот куршум и динамит" за Атанас Раздолов, (1990) инаку моја докторска дисертација, која во 1991 година ми ја донесе високата државна награда за наука „Гоце Делчев". Трудот „Жаров бунтар и буревесник" за Михаил Сматракалев (1994) по која дојдоа десетина книги во кои првично се разидлипја многу вистини и тајни за блескотното поглавје во македонската литература: Македонскиот литературен кружок во Софија (1938–1941). Интимно сум приврзан кон личноста и делото на Антон Попов, како со него да сум го минал сиот живот. За него пишувам со посебна почит и љубов. Да признам: мои омилени книги се романите за деца и млади „Мегдан за игра" и „Ден потоа". Минатата година првично на хрватски јазик се појави збирката раскази "Сушачко попладне" која ја доби наградата за најдобра прозна книга за 2010 година на Хрватското книжевно друштво. Ја изделувам затоа што во неа откривам една своја нова поетика, што за среќа, ја препозна и книжевната критика. За мене е голема радост што книгите со книжевно–историски студии "Возбуда по зборот", монографијата „Род и пород", како и „Време минато и сегашно" имаа повеќе од по дваесет афирмативни рецензии, кои за секој автор се голема сатисфакција.

**Зошто токму тие? Кажите ни барем некоја од поважните причини!**

Зошто ги одвоив токму нив! Се обидувам во секоја нова книга, во секој нов научен труд, да се прошират и да се збогатат енергиите и хоризонтите. Јас умеам да се дарувам и тоа ми причинува радост. Притоа никогаш не калкулирам колку ќе ми биде возвратено. Им препуштам на компетентните да го вреднуваат мојот труд. Среќен сум ако го стекнам нивниот и респектот на читателите и стручната јавност. Голема работа е да умеете да се радувате на малите секојдневни нешта.

**Борис Шуминоски**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Редовно усогласување на пензиите

***Нема потреба од никакво стравување дека би можело да дојде во прашање редовното исплаќање на пензиите. Усогласувањата на пензиите ќе се одвиваат редовно и во следните години***

Одвреме–навреме, за жал, кај нас по сѐ изгледа дека на средствата за јавно информирање повеќе им е важно да ги обновуваат застарените приказни за некои надминати работи кои веќе не се тоа. Така, честоземајќи ја на тапет работата на Фондот на ПИОМ, се споменуваат работи кои веќе и одамна се надминати. Таков најнов случај е оној дека на умрени им се исплаќале пензии или пак, дека наплатата на старите долгови за придонеси не се одвива со бараното темпо. Ако се знае дека во Фондот на ПИОМ, сите вработени на чело со Менаџерскиот тим се максимално ангажирани и дека одделните проблеми веќе се надминати и се надминуваат, тогаш и не треба да се гледа на таквата работа, со искривена диоптрија.

Би истакнале дека со тоа само се внесува непотребен страв кај корисниците на пензија, и се создава загриженост за исплата на пензиите во наредните години.

Најдобар одговор за непотребниот страв и загриженост кај нашите пензионери е она што го истакна Зоран Ставрески, вицепремиер и министер за финансии. Тој, меѓудругото го рече и ова:

– Се размислува за мерки за поттикнување на наплатата на придонесите и за заштеди во рамки на Фондот за ПИОМ во делот на контролата каде и кому се исплаќаат пензиите. Во рамките на тоа државата ќе продолжи со финансирање во тој дел за да се одржи потребната маса во Фондот. Во поглед на зголемувањето на пензиите, сѐ што е напишано во нашата програма останува во сила и ќе биде испочитувано до 2015 година од прв до последен збор.

Дека е така и дека нема потреба од никаква загриженост, исто така, може да се најде во политиката на Фондот на ПИОМ за редовно (двапати во годината) усогласување. Потврда за ова наоѓаме во фактот дека неколку години наназад редовно се усогласуваат пензиите. Така, на пример веќе усогласувањето на пензиите од 1 јануари 2011 година е извршено согласно членот 37 од измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, и тоа: за 50% од порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија и 50% од движењето на индексот на трошоците на живот. Согласно законските прописи, се гледа дека пензиите од јануари 2011 година се усогласија за 0,75% и од 1 јули за 2,10% или вкупното усогласување изнесува 2,86%. Зголемувањето на пензиите од 2,10% се исплати со септемвриските пензии на почетокот на октомври 2011 година, и тоа како разлика за јули и август и 2,10% во нивото на пензиите од септемвриските пензии.

Посебно значајно е да се одбележи дека во периодот од 2001 до 2011 година пензиите најмногу се зголемија во 2008 година, поради дополнителното усогласување на пензиите со Одлука на Владата на Република Македонија што придонесе да се зголеми реалната вредност на пензиите и да се подобри материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија.

Но, со вкупното усогласување на пензиите во 2011 година, (0,75% од 1 јануари и 2,10%од 1 јули) просечната пензија во Република Македонија исплатена за јули, август и септември изнесува 10.567 денари и истата во однос на просечната плата на сите вработени во Републиката (20.813 денари објавена за јули 2011 година) учествува со 50,8%, додека просечната старосна пензија изнесува 11.948 денари и истата во просечната плата учествува со 57,4%.

Треба уште да се одбележи дека бројот на корисниците на пензија, заклучно со август годинава, изнесува 276.547 корисници и во споредба со декември 2010 година е зголемен за 2.796 нови корисници на пензија.

Меѓутоа, пораст на бројот на корисници на пензија се забележува кај сите видови на корисниците на пензија и тоа: 1.346 на старосните, 1.003 на инвалидските и 447 кај семејните корисници на пензија.

Анализите покажуваат дека од вкупниот број корисници, 153.240 или 55,4% се корисници на старосна пензија, 47.121 или 17,1% се корисници на инвалидска пензија и 76.186 или 27,5% се корисници на семејна пензија.

Она што е посебно карактеристично, барем што се однесува до пензиите во нашата Република е фактот дека од 276.547 корисници на пензија, 64.402 корисници или 23,3% примаат пензија до 7.157,00 денари; 96.680 корисници или 34,9% примаат пензија од 7.157,01 до 10.000,00 денари; 75.962 корисници или 27,5% примаат пензија од 10.000,01 до 15.000,00 денари, а само 39.503 корисници или 14,3% од вкупниот број на корисници примаат пензија над 15.000,01 денари.

Кога ќе се погледне пак, бројот на корисници кои примаат најнизок износ на пензија, изнесува 79.022 корисници или 28,5% од вкупниот број на корисници на пензија и тоа: 32.024 корисници на пензија од I група на најнизок износ на пензија; 16.425 корисници на пензија од II група на најнизок износ на пензија, и 30.573 корисници на пензија од III група на најнизок износ на пензија.

Од погорното се заклучува дека бројот на корисници на најнизок износ на пензија, кои имаат најмал пензиски стаж (III група) изнесува 30.573 корисници или 38,7% од вкупниот број на корисници со најнизок износ на пензија.

Во оваа прилика, значајно е да се одбележи дека пензиите на корисниците на пензија со понизок износ на пензија во 2008 година се зголемија со повисок процент во однос на другите пензии, што придонесе за поголема заштита на оваа категорија корисници на пензија.

Од сето истакнато може да се заклучи дека Фондот на ПИОМ ги исполнил редовните обврски спрема корисниците на пензија по основ на усогласување на пензиите, согласно законската регулатива.

**м-р. Снежана Кутузовска**

# „Боледување“ од аспект на пензиското и инвалидското осигурување

Во последно време јавноста беше бранувана со информации дека доколку боледувањето не се користи правилно ќе следуваат казни како за осигуреникот што го користи, така и за лекарот што го одобрува.

Поттикната од оваа околност сакам да ги информирам идните корисници на пензија како се пресметува односно како се зема предвид надоместокот што се исплатува за време на боледување, за определување на висината на пензиската основа, односно на пензијата.

За да го доближам ова прашање до идните пензионери ќе појаснам дека согласно членот 21 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е уредено дека за утврдување на пензиската основа се земаат платите – паричните надоместоци односно основиците на осигурување што осигуреникот ги остварил во согласност со општиот акт на работодавецот усогласен со колективен договор и со закон.

Од изложената законска одредба се гледа дека со ЗПИО елементите кои служат за утврдување на пензиската основа се платите и надоместоците, односно основиците на осигурување. Платата за работа како право е загарантирана со Законот за работни односи, како и правото на одредени надоместоци што се исплатуваат за време кога работникот не ја извршува работата. Тој надоместок се исплатува на товар на средствата на работодавецот односно соодветниот орган.

Најчести случаи на отсуство на работникот од работа за време за кое му се исплатува надоместок на плата се: време на користење годишен одмор, државни празници, нега на дете и др.

Покрај надоместокот од работен однос како што погоре е кажано, на работникот му припаѓа и надоместок на плата според прописите од здравственото осигурување за време на привремена спреченост за работа – боледување.

Кога станува збор за надоместокот што се исплатува за време на користење на боледувањето од аспект на определување на висината на пензиската основа односно на пензијата, битна е новелата – содржаната во Законот за изменување и дополнување на ЗПИО, објавена во Службен весник на РМ, број 161 од 24 декември 2008 година.

Имено, со членот 3 од овие измени и дополнувања постојниот член 24 од ЗПИО се менува и гласи:

„За времето на привремена спреченост од работа поради болест и повреда, односно за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за утврдување на пензиската основа се зема надоместокот на плата.

Надоместокот на плата од ставот 1 на овој член се валоризира со коефициент со кој се валоризираат платите за таа година."

Со оглед на фактот дека овие измени се порестриктивни и построги, законодавецот водел сметка и како стекнато право со преодна норма содржана во член 11 од споменатите измени и дополнувања на ЗПИО утврдува дека:

„За осигурениците на кои до влегување во сила на овој закон им се исплатувал паричен надоместок, односно надоместок на плата, пензиската основа, односно пензијата им се определува од основата од која е определен паричниот надоместок, односно надоместокот на плата." Овие измени и дополнувања се во сила од 1 јануари 2009 година.

Според изложеното, идните пензионери добро е да ја имаат оваа информација и боледувањето да го користат само во случаи кога тоа е навистина потребно затоа што надоместокот што се исплатува за време на боледување е помал од платата (основата) што Ви се исплатува и нема позитивно да се одрази на висината на Вашата идна пензија.

**Станка Трајкова**

СЗПМ, Пензионер плус, 18 ноември 2011 година

# Меѓународни договори за социјално осигурување - постапка за остварување на странска пензија

Надлежните органи во Република Македонија, Фондот на ПИОМ и Министерството за труд и социјална политика ја продолжуваат политиката за меѓународно регулирање на односите во сферата на трудот, социјалната политика и пензионирањето на македонските државјани кои оствариле работен стаж во странски држави.

Резултаите од дваесетгодишната работа на ова поле беа проследени и соопштени минатиот месец на тркалезна маса на тема: "Меѓународни договори за социјално осигурување". На тркалезната маса, учествуваа преставници од Фондот на ПИОМ, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за надворешни работи, преставници на СЗПМ, Агенцијата за иселеништво, како и пензионирани македонски државјани кои ги користат придобивките на својот труд регулирани со потпишаните договои, кои го искажа своето лично искуство во остварувањето на пензија во некои од земјите со кои веќе се уредени овие прашања (Австралија).

Целта на расправата на оваа тема претставуваше натамошна иницијатива за унапредување на пристапот до социјалните права на граѓаните кои оствариле работен стаж во странски држави во кои не беа регулирани овие односи. Исто така се расправаше и за обврските кои произлегуваат за остварување на овие права од страна на надлежните органи и служби. Беше потенцирано дека преку примена на склучените договори за социјално осигурување се овозможува еднаков третман на лицата во користењето на правата од пензиското и инвалидско осигурување, здравственото осигурување, осигурувањето во случај на невработеност, детскиот додаток и осигурувањето во случај на повреда на работа и професионална болест и сл. Се истакна дека на овој начин се збегнува двојното осигурување.

Од досегашната примена на билатералните договори за социјално осигурување со други земји, повеќе од 35.000 граѓани користат пензии од друга држава, од нив околу 13.000 користат пензија од Германија. Во однос на вкупниот број на актуелни корисници на пензија во Република Македонија (280.154), странските пензии претставуваат 12%. Што не е бројка за занемарување.

Од осамостојувањето на Република Македонија, државата има склучено договори за социјално осигурување со 18 странски држави и тоа: Австрија, Швајцарија, Германија, Чешка, Полска, Луксембург, Холандија, Белгија, Романија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија, Турција, Црна Гора, Австралија и Канада. Во постапка на ратификација е Договорот за социјално осигурување со Кралството Данска, а веќе се започнати преговори со Албанија. Во наредниот период ќе се иницираат преговори за склучување на договори со Норвешка, Шпанија, Словачка, Узбекистан и Обединетите Арапски Емирати. На тркалезната маса посебо се истакна примената на договорите за социјално осигурување, со прекуокеанските држави Австралија (2 000 барања) и Канада (12 000 барања).

Владата на Република Македонија во своите програмски активности посебно место посветува на билатералното уредување на социјалното осигурување. За таа цел Фондот на ПИОМ во најскоро време ќе започне со организирање средби со граѓаните кои ќе се одржат во Битола, Гостивар, Тетово, Струга, Кочани, Делчево и Скопје.

Преставниците на СЗПМ ја поздравија и ја подржаа ваквата активност на надлежните органи и го истакнаа виталиот интерес на своето членство за практична примена на овие договори.

М.Тошевски

# Првиот дом за стари лица во Скопје

После Првата светска војна,Скопје достигнува висок степен на стопански развиток.Се појавува недостаток од квалификувана работна сила, кое овозможило доселување на луѓе од други градови. Во тоа време постоела така наречена Секција за социјална и хуманитарна дејност. Концентрацијата на населението, малите надници и високите цени довеле до низок животен стандард, а со тоа и поголема активност на Секцијата за социјална и хуманитарна дејност. Напорите на Секцијата биле насочени, пред се, покрај другото и кон решавањето на социјалните проблеми. Секцијата во 1930 година донела програма во која било предвидено и изградба на Дом за стари лица во Скопје.

Зградата во која подоцна бил сместен домот била изградена 1932 година, а во 1934 била допреадаптирана за оваа намена и дадена во употреба. Во неа имало две големи соби со 24 кревети, една мала соба со 3 кревети која била наменета за многу стари лица, соба за дневен престој, веранда, соби за сестри и амбуланта, а во сутеренот биле сместени, трпезаријата, кујната, бањата, соба за послугата и тоалетите.

За прием на старите лица во домот постоеле посебни услови и норми,што требало да ги исполнува секое лице кое требало да биде примено во домот. Пред се, податоци за домашна и роднинска состојба, имотна состојба, неспособност, телесното и душевното здравје, возраста и дали лицето е жител на скопската општина. Советодавниот одбор ги прегледувал овие состојби и документи и давал предлог до судот кој донесувал одлука за прием на некое лице во домот.

Храната се состоела од четири оброци на ден, појадок, ручек, ужина и вечера, и била диетална. На секој станар му припаѓало по 250 грама млеко без шеќер или чај, а за ручек обично добивале чорби и јадење со месо, додека пак за вечера добивале едно јадење без месо. Во среда и петок храната се приготвивала исто така без месо, а во неделите и празниците добивале и десерт или овошје.

За работата на домот се грижел управник, а имало и лекар, кој двапати во неделата вршел прегледи и препишувал лекарства на старите болни лица.

Во слободното време,станарите се занимавале со разни активности, а најчесто иработувале рачно најразлични предмети, кои ги продавале. Заработените пари ги делеле на половина со домот.

За секој верски празник од богатите и видни скопјани, најсиромашните стари лица во домот добивале и облека.

Така било тогаш, а како е сега мнозина знаат било да живеатво еден од сегашните домови или да одат во посета на свој роднина или другар. Велат дека условите не се лоши што не значи дека не можат да бидат подобри. Најлошо е тоа што ги нема доволно, а популацијата е се постара. **В. Пачемски**

**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година IV – број 40
ноември 2011 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**

**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева, уредник,
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах.....

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Свето проклето

Конечно, ќе разгледаме едно книжевно дело од **Антологијата на современиот македонски роман (1980)**. Изборот е на осведочените литературтурни зналци, аналитичари и критичари: **М. Ѓурчинов, С. Мицковиќ, Г. Старделов.** Станува збор за романот **Свето проклето од Јован Стрезовски, Подгорци 26. 04.1931 г.**

Романот не е обемен, околу **170 страници**. **Антологиски е** според севкупните **книжевни квалификативи.** Творечката постапка е иновативна не само поради постмодернистичкиот израз, според фрагментарноста, читатноста, густината на значењата, туку и поради **глобалната митологија** како **врзивното ткиво** што на читателот му овозможува да ги поврзе наратолошките нишки и да воспостави жив дијалог. Вешто е искористена една **упанишада за коренот** од староиндиската литература, **за сакралните значења и моќ, светото и проклетото.** Сликарот **Столпник,** објаснува зошто коренот му е **чест мотив**. Столпник е тукашно дете кое поминува неколку години во Германија каде што татко му работи како слаткар. Дење се шета покрај Мајна и таму среќава сликари кои на штафелаите со распнати сликарски платна и со палетата бои сликаат мотиви од околината. Катаден опиен оди таму и кришум приѕирнува: се труди нешто да открие, да научи. Еден од сликаратите го загледува и кога во него ќе препознае **дарба**, го советува да оди во сликарско училиште. Таткото пресекува: од тоа не се живее. Сликарот, на своја рака, го подучува момчето. Еден ден ќе му рече: *„Повеќе не сум ти потребен, твојата упорност и талент ти се доволни. Запамети: боите кријат уште многу тајни во себе, задлабочувај се во нив, откривај го и ползувај го нивниот јазик. И на сè што ќе насликаш давај му нешто свое, од себе“.* Кога се враќа во **Водец**, сликарот со голема страст се зафаќа да ги овековечи селските мотиви и станува ем хроничар на сите радости и трауми, ем неговите слики се иницијација со која Стрезовски ја доразвива приказната од сликата низ уметноста на зборот.Тоа е така суптилно направено што човек не знае **до каде се открива**



**сликата самата себе а каде продолжува раскажувачот**.

**Дејствието** се одвива за време на **Балканските и Првата светска војна**. **Парадокс:** Македонија во тоа време е ослободена од Отоманската империја како организирана целина со своја триторија и етничка посебност. Во неа не се води војна, се војува за неа **како плен**. А нејзини војници гинат по фронтовите де за една де за друга од новопризнатите држави: Грција, Бугарија и Србија. Албанските качаци прават зулуми во пограничните региони. Македонските интелектуалци во Петерсбург на чело со **Чуповски** ѓ и предочуваат тие факти на глувата Европа.

**„Мотив: Блажено улавство.** Кога дојде сликарот, селото ја славеше слободата; секогаш луѓето слободата, иако краткотрајна, ја славеа на свој начин: ја славеа вратоломно, лудо, шеметно, можеби затоа што знаеја дека е краткотрајна“.

„и како што капеа казаните – така луѓето со филџани, канчиња со матарки црпеа и и пиеја: старо, младо, машко, женско“ ...По големите премрежиња се слави триумфот на животот. Се слави без никакви морални ограничувања, разуздано. Се случуват и кобни грешки. **Пуше** ја убива циганката **Фатима,** збудален од страст по неа.

„Местото каде што застанал (Столпник) да го слика селото морало да биде чун отттурнат во езерото, на она место од каде што очите можат да го зграбат целото село“. Ќе наслика минуциозна и колоритно раскошна слика. Куќите ќе ја зачуваат соодветната боја. **Таа ги открива луѓето**. „Кој во која боја припаѓаме, сликаре?“ „Најдете се сами“, ке им рече. А луѓето, секој со своите човечки соништа, темни страсти и опсесии: намќори, лукави, веселници, чесни, скржави, тврдоглави, кавгаџии, тапоглави, превеани, алчни, добри, вејкрпи, секакви. **Л у ѓ е.**

Во романот нема главна личност околу која се вртат настаните. **Трофим** е, сепак, најекспониран. Неговата куќа е на врвот од ридот и прв го гледа денот кога забелува, сонцето прво нему му светнува. Опседнат е да го купи целиот рид и да има машки наследник кому ќе му го остави. **Маруш** гради куќа на самиот раб на езерото, како цапната во него, но не може да најде лек за единственото чедо, **Висар**. **Полин** сака да се храни само со она што го дава природата. **Царјанка си го љуби Трајана** и си го зема наспроти противењето на татка си Трофим. **Бандо** гради куќа до самото езеро, но ќе си го убие сонот оти му се чини дака санок некој му ја урива. **Градан** не е подготвен да го отстапи своето родно огниште колку и да плати синот на Трофим. **Скрче,** лажниот син донесен од Албанија, го убива на лице место. **Учителот**, откако бугарскиот офицер ќе му ги застрела жената и детето, собира отпадоци што ги исфрла водата од езерото за да направи нов свет, овој е преполн со зла и лошини. **Арилко,** мајстор резбар, се затвора **три години во црквата додека го издлаби иконостасот**, а потоа оди в пештера за да си го поврати спокојот. Кога питропот **Танаско** ќе го праша што да им одговори на селаните каде е Арилко. „**Луѓето се во своите дела**“, одговара. По смртта ќе го прогласат за светец.

Стрезовски длабински го скенира интимниот свет на луѓето, низ дискурсот на антрополошкото и архетипското. Затоа портретот на народот е толку прецизен: диференцирани ликови со малку средства, без пренатрупување, со воздржаност и неутралност. Поседува вонредно лексичко богатство и раскошна синтакса. Општата атмосвера е драматична и убиствата се, речи си, секојдневни. Само ги регистрира без подробности и патетика.

Да потсетам: како поет, раскажувач, романсиер и преведувач Јован **депонира во македонската книжевна ризница над триесет наслови** за деца и возрасни Заврши Филозофски факултет. Работеше во струката, а беше и долгогодишен директор на Струшките вечери на поезијата. **Носител е на бројни престижни награди.**

**Се согласувам со тебе, Арилко: Луѓето се во своите дела**. **Стрезовски со целото свое битие е во нив.**

**Борис Шуминоски**

# Писмо: Два предлога

Да ја насловам вака статијата ми даде инспирација разговорот на две млади момчиња во автобусот на градски сообраќај во Скопје. Да слушаш туѓи разговори е некоректно, да не речам невоспитано, но децата зборуваа толку гласно и да несакаш да слушаш, си принуден. Во моментот кога на автобуската станица влегоа поголем број пензионери, без да сакам го чув нивниот навредлив коментар упатен кон сите стари луѓе кои влегуваа во автобусот.

Сепак, намерата не ми е да ги критикувам за нивното размислување поврзано со пензионерите. Целта ми е да дадам два предлога за решение за превозот на пензионерите, а со цел да нема непријатности и вакви и слични муабети бидејќи постојат разни решенија кои се применети на пример во Загреб или во некои други градови во Европа каде пензионерите исто така не плаќаат за користење на градскиот сообраќај.

Првиот предлог е: пензионерите да партиципираат во трошоците на сообраќајното претпријатие. На секој пензионер да му се запира една минимална сума од 100–150 денари месечно, се разбира според висината на пензијата или народски речено најниските пензии до 10.000 денари по 100 денари, сите над 10.000 денари по 150 денари. Билетите да бидат годишни. Би можело да биде и една цена за сите.

Вториот предлог: е партиципација според возраста на пензионерот. До 75 години 150 денари, над 75 години 100 денари. За да ја напишам втората варијанта тргнав од фактот дека не постои пензионер 75–годишнак што ќе се вози по цел ден во автобус. Камо среќа да може, ама не е така и таквите и ако ги има се толку ретки, што дали некој воопшто излегува и користи автобус.

Доколку раководствата на пензионерските здруженија преку Сојузот на здруженија на пензионери се договорат навистина ќе ни олесни и на пензионерите, а и ќе се намалат турканиците во вторник и во петок во автобусите и нема да има разговори какви што кажав на почетокот од написот. При тоа, ние пензионерите ќе се чувствуваме подостоинствено и ќе користиме градски сообраќај кога имаме потреба и не ќе мораат младите да водат вакви разговори.

И на крајот една порака до помладите генерации: татковци и мајки воспитувајте ги своите деца, да се однесуваат со почит кон постарите, и до внуците кои се радост за секоја баба и дедо какви и да се: однесувајте се како што треба зошто вие сте нивни наследници, а еден ден и вие ќе бидете стари како нив!

**д-р Драги Гечев**
**пензионер од Скопје**

# Пензионери берачи

Огромен е бројот на пензионери во Гевгелиско – Валандовскиот регион кои од годинашнава берба на јапонското јаболко и калинки очекуваат добра заработувачка.

Посебно голем е интересот за јапонското јаболко кое во светот се нарекува храна на боговите а води потекло од Кина со животен век на дрвото од над 100 години, кое во полна родност на деветата година раѓа од 200 до 250 килограми.

Во општината Валандово јапонското јаболко е застапено на површина од околу педесетина хектари чии плодови се наменети за пазарите во Европа бидејќи се третираат како органска храна без употреба на пестициди.

За одбележување е што нашата земја е на трето место во Европа после Италија и Шпанија, а бројот на производителите постојано се зголемува.

И годинава се очекува првите шлепери со јапонско јаболко да бидат испратени во Русија.

**Т.Кусеников**

# Промоција на книга во Неготино

По повод одбележувњето на 8. Ноември – Ден на ослободувањето на Неготино, беше промовирана книгата „Земјоделското производство во Општина Неготино (1941–1991)“, авторски труд на пензионираниот дипломиран инженер агроном Миле Наневски со прилози од неколку негови колеги – пензионери. За пишувањето на оваа книга авторот бил мотивиран од желбата да го отргне од заборав развојот на носечката стопанска гранка во период од педесет години, тргнувајќи од латинската поговорка „Зборовите летаат, напишаното останува“. Книгата има околу 330 страници, а во неа авторот хронолошки го следи почетокот и развојот на организираното земјоделско производство од 1941 до1991 година. Во 1941 година било оформено познатото Кралско земјоделско стопанство во Демир Капија како еден модерен земјоделски имот за тоа време. Континуитетот продолжува со формирањето на селските работни задруги кои се формирале и функционирале според правната регулатива во тоа време. Следува расформирање на задругите и формирање на неколку државни земјоделски стопанства. Авторот детално ги обработува: земјишните капацитети, земјоделски култури, структура на производство, земјоделски, раководен кадар и вработени. Посебно внимание во книгата е посветено на ЗИК Повардарие од неговото формирање во 1962 до растурањето во 1990 година. Во овој дел авторот дава бројни податоци за организацијата работењето и функционирањето на Комбинатот. Понатаму во книгата се поместени прилози од коавторите за областите кои се дел или се поврзани со земјоделието: тутунопроизводство, наводнување, ветеринарство и шумарство.



Мора да се одбележи и тоа што во центарот на вниманието е човекот со име и презиме и неговиот придонес, односно човекот (како што вели авторот) „што вградил макар и една тула во големата куќа што се вика Општина Неготино“.

Инаку авторот на книгата, дипломираниот инжинер агроном Миле Наневски е роден 1930 година во село Павлешенци – Свети Николско. Во текот на работниот век пишувал бројни стручни трудови од кои повеќето се објавени во стручните списанија во тогашна Југославија, а некои останале во ракопис. Покрај во стопанството, заземал и одговорни опшествени функции, а во минатиот мандат бил член на Собранието на СЗПМ. Иако ја надмина осумдесетата, тој се уште се ангажира во земјоделските работи, а и сеуште пишува.

**П. Стефанов**

# И Домот е дома

Влегов во нејзината соба. Бев изненадена од морничавата атмосфера. Скршен полузамрзнат прозорец, преврртена столица, искинати тапети, исчукано лонче со малку вода, неколку суви корки бајат леб и празна опаковка од тетрапак млеко... Студ измешан со застоен воздух се чувствуваше насекаде.

– Како си? – ја прашувам, но глас не излегува од вкочанетите помодрени усни. Единствено долгата нечиста коса залепена на бледото лице ѕирка од под стариот прокинат јорган. Чиниш старица од осумдесет и кусур години, а нема ни шеесет. Трепнува со натечените клепки и тоа е единствениот знак дека сè уште е жива.

– Мораш под итно на лекар. Ќе викнам „Брза помош“!

– Не! – едвај излегува некој рапав пригушен искренкат глас кој повеќе личи на крик. Ја подава од под јорганот слабата рака со долги нокти која како скршена сува гранка излегува од ракавот на зимско дебело палто.

– Не, не сакам. Сакам да останам дома. Ова е мој дом! Не сакам никаде да ме носите. Не сакам да одам во Дом за стари! Не сакам таму не е добро. Се плашам...

– Таму ќе бидеш згрижена, ќе ти биде топло. Ќе бидеш нахранета и со лекарска нега, а и нема да бидеш сама. Таму ќе имаш друштво, ќе имаш големо семејство, – барам зборови за да ја убедам и да ја успокојам да се одлучи без да се плаши.

– Не и не! Не сакам, не сакам!... – замира нејзиниот глас, а крупна солза и се тркала по збрчканиот образ. Толку е изнемоштена, што дури и зборувањето и плачењето и причинуваат голем напор. Очај и страв и ги шири зениците.

– Од што се плашиш? Има ли полошо од ова што ти се случува сега? Има ли полошо место од овој пекол во кој ги минуваш деновите гладна?

– Велат дека и таму е лошо. Дека и таму се страда. Дека и таму животот не е живот. Така сум слушала! – Се вовлече уште повеќе под јорганот и почна гласно да плаче и да се тресе.

Не обрнувајќи внимание на нејзините молби и преколнувања повикав “Брза помош“. По половина час пристигна возилото со лекарската екипа. На вратата се појави млада елегантна жена со израз на гадење на убаво нашминканото лице.

– Бадијала сте не викнале. Таа не е за во болница. Таа е смрзната, гладна, нечиста... Таа е за во некоја институција за стари или за во душевна болница, – рече дрско, се сврте и ја напушти собата.

Вчудовидена сум од нејзиниот однос, но и понатаму се прашувам што да сторам. Погледот ми запира на стутканото суштество на креветот. Во нејзините очи гледам чуден победнички сјај. Задоволна е затоа што не ја зедоа, не ја однесоа. Беспомошна сум, разочарана. Очите ме печат од надојдените солзи од измешаната лутина и страв. Што да сторам?! Одлучив. Ќе одам во Домот за стари лица и од нив ќе барам помош. Така и направив. Отидов. Разговорот со нив беше многу пријатен и утешителен од сите со кои се сретнав.

– Не грижете се. Сè ќе се среди. Ќе ја примиме жената иако е помлада од пропишаната возраст. Верувајте ќе и биде добро во Домот. Уште денес ќе дојдеме да ја земеме.

Така и направија. Утредента кога отидов да ја посетам не можев да ја препознаам. Лежеше во чист кревет во топла соба, средена, избањата, исчешлана. Веројатно добила и некој седатив. На лицето и лебдеше гримаса која личеше на бледа насмевка и грч.

– Сето ова околу неа го направија негователките со помош на другите жени станарки. Една од нив која ја познава од порано, цела ноќ преседе крај неа, и ја држеше раката и и даваше чај. Ќе и биде добро. Ќе закрепне и ќе стане. Ќе се дружи со другите во Домот, ќе гледа телевизија, ќе се шета... – ме убедува социјалниот работник, лекарката и директорката од Домот.

По еден месец повторно отидов да ја посетам. Не можев да се начудам. Добила во тежина. Беше убаво облечена и весела. Во заедничката просторија со неколку други постари жени гледаа телевизија и си разговараа. Се прегрнавме.

– Многу убаво ми е овде. Бев исплашена и не ти верував дека Домот е вистински дом. Сега знам и многу сум ти благодарна што ме донесе тука.

**Калина С. Андонова**

ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ НА БИТОЛА

# За поддршка на „Македониумот“

Инајвозрасната популација на луѓе во Битола, го искажа своето негодување против изоставувањето на придавката „македонски“ од последниот извештај за напредокот на Република Македонија, на патот кон приклучувањето и зачленување во Европската Унија.

Како и голем број граѓани, на повик на Здружението на пензионерите од Битола, дел од битолските пензионери, организирано на 18.11.2011 година, пред Домот на културата на плоштадот „Гоце Делчев“ се потпишаа во книгата регистар, со што го искажаа својот став по ова прашање.

Изјавите, како од раководството на ЗПБ, така и од пензионерите поединечно, се скоро идентични во осудата и неправдата со изоставување на придавката во извештајот на ЕК со која се идентификува еден народ–нација. Ја бележиме изјавата на еден од потписниците.



– Самобитот човечки не е само името и презимето во личната карта, тоа е само особеност. Народноста и јазикот е врзивното ткиво на народот меѓусебно помеѓу генерациите кои не одгледале и оние кои доаѓаат, – вели Сребре Толевски, член на Собранието на Здружението на пензионери во Битола.

И изјавите на останатите членови на ЗПБ се со слична конотација.

**Добре Тодоровски**


ЈА ПОДОБРУВА ЦИРКУЛАЦИЈАТА
1
2
Топ форма за Вашиот ум.
Подобра циркулација, за сила на Вашиот ум
Редовната употреба на Билобил:
Го подобрува протокот на крв во мозокот со намалување на вискозноста на крвта и со ширење на крвните садови.
Ја подобрува функцијата на мозочните клетки со зголемување на искористеноста на кислород и гликоза во клетките.
Помага во заштита на мозочните клетки, со неутрализирање на слободните радикали.
Билобил содржи екстракт од Гинкго билоба
ХЕРБАЛЕН ЛЕК
Билобил®
ИНТЕНС 120 mg
Bilobil® intens 120 mg
hard capsules/ тврди капсули
Ginkgo bilobae folii extractum siccum
20 hard capsules/ 20 тврди капсули
oral use/ перорална употреба
improves memory/ го подобрува помнењето
KRKA
www.krka.si
Билобил®
KRKA
Нашата иновативност и знаење создаваат ефикасни и сигурни производи со највисок квалитет.
Пред употреба внимателно прочитајте го упатството.
За ризикот и несаканите дејства консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

# Dita kaloi në atmosferë të këndshme pune

Më 1 nëntor, Këshilli ekzekutiv, kryetarët e shoqatave të pensionistëve dhe kryetarët e Aktivit të grave në Krushevën e bukur legjendare mbajtën tri mbledhje konstruktive. Kjo ishte hera e parë të mbahen kuvende dhe mbledhje jashtë Shkupit, sipas kërkesës dhe dëshirës së këtyre organeve dhe kryetarëve. Dhe kishin pasur të drejtë sepse është mirë që ndonjëherë të mbahen kuvende edhe në qytete të tjera e jo vetëm në Shkup.



Kuvendi i parë që u mbajt në Krushevë ishte ajo e Këshillit ekzekutiv. Kuvendin e udhëhoqi kryetari i Këshillit ekzekutiv Dragi Argirovski, në të cilën u sollën disa konkluzione dhe konstatime konstruktive si:

● Garat sportive republikane të pensionistëve të cilat këtë vit u mbajtën për të 16 herë, u realizuan me sukses në formë të organizuar dhe në atmosferë garuese sportive në kompleksin "Livadhishtë" të Strugës, në shenjë të Shënimit solemn të dy jubileve të mëdhenj: 65 vjetorin e organizimit të pensionistëve në Maqedoni dhe 20 vjet të pavarësisë së Maqedonisë. Raporti u aprovua njëzëri.

● Në këtë mbledhje ishte parashtruar edhe propozim Rregullorja për arbitrazh me vërejtjet të paraqitura nga diskutimi publik. Këshilli ekzekutiv e lejoi që të shkoj për aprovim në Kuvend.

● U vendos që Rregullorja për Paraqitjet e këngëve, muzikës dhe lojërave të shkoj në diskutim publik nëpër shoqata.

● Klubit Novo Sello të Strumicës, nga Mapetrolli i është dhuruar kompjuter.

Më pas, u mbajt mbledhje me kryetarët e shoqatave të pensionistëve dhe me kryetarët e Aktivit të pensionisteve. Në këtë mbledhje, pas diskutimit të gjerë u vendos që Aktivi i pensionisteve të veprojnë brenda shoqatave, sikurse gjer tani me theksim të anës sociale dhe humanitare, por të marrin pjesë edhe në të gjitha format e aktiviteteve tjera të shoqatës.



Ishte mbledhje e tretë e Kuvendit të LSHPM në të cilën morën pjesë edhe kryetarët e shoqatave të pensionistëve të të gjitha shoqatave. Fillimisht u aprovua procesverbali nga mbledhja e kaluar e Kuvendit. Më pas, kryetari Dragi Argirovski bëri një hyrje gjithëpërfshirëse për aktivitetet dhe situatat për shtatë muajt e kaluar prej se kur ai është në krye të LSHPM.

Më në fund, në këtë Kuvend u aprovuan:

1. Propozim, rishikimit i buxhetit dhe financimit i përkohshëm deri në kuvendin e ardhshëm e cila do të mbahet në shkurt të vitit 2012, arsyetim që e paraqiti kryetari i KE i LSHPM, i cili u aprovua njëzëri.
2. Rregullorja për arbitrazh.
3. Ishte pranuar së dyti herë në Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Manastirit.
4. U zgjodhën anëtar të rinj në disa organe dhe kompani.
5. Ju ndanë falënderime disa shoqatave për kontributin e tyre në Lidhjen e shoqatave të pensionistëve në Maqedoni, si dhe individëve të shquar për kontributin e tyre në shoqatat **e** tyre dhe në Lidhje.

Kuvendet dhe mbledhjet e mbajtura në mënyrë ekspeditive dhe racionale nga kryetari i LSHPM, Dragi Argirovski, mbaruan deri në ora 14 me qëllim që të mund të gjithë të kthehen në kohë në shtëpi.

**K.S.A.**

Pensionistët poet

# Selami Vinca Veleshtë - Strugë



**Sykaltër rrije n' kodrinë**

**Bëre një tufë trendelinë**

**Te burimi i kodrinës**

**Unë dilja me mandolinë**

Kjo strofë është një ndër më të bukurat nga krijimtaria e pasur poetike e Selami Vincës, nga Veleshta e Strugës, për të cilën ka të shkruar edhe muzikë. Deri më tani ka të shkruara 3 libra: Varkat po niseshin, Sykaltra trendafile dhe Ne ligen geete.

Që të 3 librat e Selami Vinca, përfaqësojnë një ndjeshmëri të pazakontë tematike poetike. Nga poezia e tij buron dëshirë e madhe për dashurinë dhe bukurinë. Ajo krejtësisht është lirike dhe melodike e kënduar me ëmbëlsi dhe bukuri me inspirim burimor.

**K. Spaseski**

# Mbledhje zgjedore e Kuvendit

Pas kalimit të mandatit katërvjeçar, më datë 03.11.2011, Kuvendi i shoqatës së pensionistëve të komunës Saraj, mbajti mbledhje zgjedhore në të cilën u verifikuan mandatet e anëtarëve të kuvendit dhe u zgjodh kryetar dhe anëtarë të Këshillit ekzekutiv.

Kryetari i deritanishëm i Kuvendit **Rufat Ramadani,** dha raport për punën katërvjeçare të shoqatës. Në diskutim, puna e shoqatës u vlerësua mjaftë e suksesshme.



Në Kuvendin e shoqatës u zgjodhën 13 anëtarë të deleguar nga tri degët e saj: dega Saraj, Kondovë dhe Bukoviq. Kuvendi zgjodhi Këshillin ekzekutiv prej 5 anëtarëve. Gjatë propozimit dhe zgjedhjes së anëtarëve të Kuvendit dhe të Këshillit ekzekutiv, Kuvendi pati parasysh që në ato të përfshihen anëtar nga degët e saj, proporcionalisht sipas numrit të anëtarëve që i kanë.

Për kryetar të Kuvendit në mandatin e ardhshëm katërvjeçar u zgjodh përsëri **Rufat Ramadani.** Kuvendi vendosi që në mandatin vijues, **Rufat Rmadani** njëherësh të jetë edhe kryetar i Këshillit ekzekutiv të Kuvendit.

U zgjodhën edhe dy anëtarë për Kuvendin e SHP të qytetit dhe një anëtar për Këshillin ekzekutiv të saj.

Kuvendi i posa zgjedhur, të njëjtën ditë, mbajti mbledhjen e parë në të cilën u sollën tre vendime:

Vendim për format e organizimit të shoqatës,

Vendim për financim të përkohshëm të Shoqatës dhe

Vendim për formimin e aktivit të gruas në shoqatë.

**Baki Bakiu**

# Pas pensionimit shkruan tri libra



Pensionisti Baki Bakiu, më 28.10.2011, në sallën komunës Saraj, promovoj librin me titull **"Derveni i Shkupit ndër Shekuj".** Salla ishte mbushur plot me vizitor, dashamir të fjalës së shkruar. Ky ishte libri i tret i tij i botuar pas pensionimit edhe atë vetëm brenda katër viteve.

Libri përbëhet prej 17 kaptinave ku përveç të dhënave nga koha osmane, ka të përfshira shumë sfera prej nga mund të shihen shumë gjera se si kanë qenë rreth para 400 viteve dhe si janë ato sot. Libri ka 275 faqe si dhe mbi 120 fotografi të bëra nga vet autori. Përndryshe, Baki Bakiu është anëtar i Kuvendit të SHP të komunës Saraj dhe i Kuvendit të SHP të qytetit.




Baki Bakiu është i lindur më 1939 në Rashçe, ndërkaq prej vitit 1970 banon në Saraj. Pas mbarimit të Shkollës së mësuesisë dhe të Akademisë Pedagogjike, ka të kryer edhe Fakultetin filozofik "SHën Kirili dhe Metodi" – grupin pedagogji në Shkup. Gjithë kohën e punës e ka kaluar në arsim, në fillore dhe të mesme, ndërkaq, dekadën e fundit të punës ishte Këshilltar i pavarur në Entin e atëhershëm republikan pedagogjik në Shkup.

Në këtë moshë të tretë të jetës, ka të botuara edhe librat: **"Zhvillimi i arsimit shqip në Derven të Shkupit dhe rrethinë 1945-2005"** (2007), si dhe librin **"Normalistët e Dervenit të Shkupit dhe rrethinës" (2009).** Nga viti 2008 është koautor i librit të gjuhës shqipe në kl.II...

Kur e pyetëm se si ia del, na u përgjigj "Kur shkruaj libra, nuk ndjehem se jam në moshën e tretë të jetës. Mjafton të kesh vullnet dhe motivacion për punë, atëherë shkon lehtë"...

**Sulejman Bakiu**

Faqen e redaktoi Baki Bakiu

Ramadan Telqiu, sekretar i Kryqit të Kuq në Dibër

# Rekorder mes dhuruesve të gjakut në Maqedoni

Me ardhjen e Ramadan Telqiut në Kryqin e Kuq në Dibër, kjo organizatë rregullisht plotëson planin në zgjerimin e aktivitetit humanitar për dhurim të gjakut dhe shpëtim të jetës së njerëzve. Ky humanist, gazetar dhe sekretar i KQ në Dibër, para së gjithash vepron me shembullin personal dhe deri tani ka dhuruar 171 herë gjak me çka është bërë rekorder në Republikën e Maqedonisë. Mu kjo ishte shkas për të biseduar me Ramadanin, i cili gjithnjë është i gatshëm të shtrij dorën e tij dhe ta jep lëngun e çmueshëm.



**Kur së pari herë filluat të dhuroni gjak, respektivisht të shtrini dorën për të shpëtuar jetë njeriu?**

Ishte ai viti 1962, si nxënës në vitin e dytë në Shkollën tekstile në Tetovë. Gjatë qëndrimit të ekipit për transfuzionit në shkollën tonë, shumë shokë frikësoheshin nga dhurimi i parë, por unë pa mëdyshje u paraqita ndër të parët, u afrova afër mjekes, shtriva dorën dhe pas disa minutash vërejta se si mbushet shishja me gjak. Isha i gëzuar, sepse e dija se ky lëngë i çmueshëm do të shpëtoj jetën e dikujt me çka do t' ia kthej buzëqeshjen ndonjë prindi, të ndonjë foshnje, të ndonjë nëne, gjyshe apo gjysh si dhe shumë të tjerëve.

**A ka pasur raste urgjentisht të ftoheni në spital për të shpëtuar jetën e dikujt?**

Raste të tilla ka pasure shumë, sidomos gjatë ndërhyrjeve operative, kur direkt nga vena ime ka rrjedhur gjak në venën e të sëmurit, pa marrë parasysh se për kë është fjala, për përfaqësues të cilësdo fe, kombi apo kombësie. Qëllim të vetëm gjithnjë kam pasur të shpëtoj jetë njeriu dhe nuk kam menduar asgjë tjetër. Përveç në Dibër, gjak kam dhuruar në Tetovë, Strugë, Ohër dhe në Shkup. Nuk ka pasur gëzim më të madh për mua nga ajo se kur do të dëgjoj se ju kam kthyer gëzimin të lënduarve të cilët më paraqiten dhe përzemërsisht më falënderojnë.

**Gjithsesi se me atë keni fituar edhe më shumë shokë, jo vetëm në Dibër por edhe më gjerë?**

Ashtu është, të dhuruarit gjak më është pasuria më e madhe në jetë. Përmes lëngut tim të çmueshëm, kam fituar shumë shokë, kam fituar shumë motra dhe vëllezër të cilët me rastin e ditës kur ju kam dhuruar gjak, më vizitojnë në shtëpi dhe më ritregojnë përrallën për shpëtimin e jetës.

**Si ndjeheni si rekorder në dhurimin e gjakut?**

Kur dhuroj gjak, aspak nuk mendoj për ndonjë rekord, por për shpëtim jete të njeriut. Gjithsesi, sipas evidencës time, deri më tani kam dhuruar gjak 171 herë, e nëse do të më shërbej shëndeti, shpresoj se do ta arrij numrin 200, gjë e cila me siguri se do të ishte rekord në mes dhuruesve të gjakut.

**Ju jeni fitues të disa dhuratave dhe mirënjohjeve. Mundeni të na tregoni disa prej tyre?**

Kam dhjetëra mirënjohje, medalje, dhurata e tjera, por mirënjohje më e madhe për mua është kur takohem me njerëz të cilëve ju kam ndihmuar dhe më gëzon ajo që janë fatlum dhe mirënjohës. Përndryshe, i kam fituar të gjitha mirënjohjet të cilat për dhurim gjaku i ka ndarë Komuna dhe Republika, por edhe mirënjohje dhe dhurata të tjera siç është Medalja për merita për popull, Medalja për Nënën Terezë etj.

**Dibranët tanimë u bënë njerëz human në dhurim gjaku. Atë e vërtetoi edhe ekipi i transfuzionit, por edhe shumë aksioni që janë realizuar?**

Prej se kam ardhur në Kryqin e Kuq në Dibër, nuk ka ndodhur që të dështoj aksioni për dhurim gjaku, por numri i dhuruesve të gjakut gjithnjë është tejkaluar. Nuk duhet harruar se dhurimi i gjakut edhe në familjet time është bërë traditë. Dy djemtë e mi shkuan sipas shembullit tim dhe deri më tani kanë dhuruar gjak më tepër se 20 herë. Ajo posaçërisht më gëzon, tha Ramadani dhe të gjithë i porosit: dhuroni gjak sepse nesër mund që edhe juve t' ju nevojitet.

**Vjollca Sadiku**

# Дишете длабоко за да сте здрави

Наједноставен и најефтин начин да го намалите крвниот притисок и да го стабилизирате пулсот е длабоко да дишите и тоа шест пати за време од 30 секунди. Ова време е покусо од времето потребно да земете таблетка и да ја проголтате! Истражувањата покажале дека учесниците во експериментот требало само шест пати длабоко да вдишат и да се издишат за да им се намали притисокот за 10мм живин столб. Во студијата биле вклучени 20 000 возрасни Јапонци со нормален или покачен крвен притисок. Некои од учесниците за време на експериментот само мирно си седеле бездлабоко да дишат, но и кај нив се јавило благо намалување. Истражувачите исто така утврдиле дека кај овие испитаници кои длабоко дишеле шест пати за 30 секунди, се јавувале и помалку брчки на лицето.

Истражувачите тврдат дека придобивките од длабокото дишење во намалување на притисокот, стабилизирање на пулсот, за релаксирање на кардиоваскуларниот систем, за крвните садови и срцето, се здрави и корисни, а при тоа бесплатни се! За жал, факт е дека ретко кога размислуваме како дишиме, земајќи го тоа како нешто за кое не треба да се размислува. Истражувачите исто така препорачуваат под итно да се промени односот кон дишењето ако сакаме да си го сочуваме здравјето. Еве ги најбитните придобивки од длабокото дишење:

Прилив на кислород длабоко во белите дробови

Движење на азотен моноксид низ белите дробови кој ги проширува крвните садови и им овозможува подобро да функционираат

Отстранување на токсини од лимфата и исфрлање на истите

Сигурно се прашувате како ќе знаете дали длабоко дишите? Еве еден тест: За момент престанете да читате и продолжете да дишите како и додека сте читале. Погледнете надолу и видете дали при дишењето ви се поместува стомакот. Ако не се поместува, тоа значи дека вашето дишење не е длабоко. Потоа сторете го следното: Легнете на подот.

Ставете ја едната рака на градите, а другата на стомакот

Дишете така што стомакот да ви се одлепува од рбетот, а градите да ви се шират и да се полнат со воздух, а притоа бројте до 5

Издишувајте бавно додека броите до 7, при тоа стомакот треба да оди кон рбетот

Кревањето и спуштањето на стомакот нека ви биде репер дали длабоко дишите

Ова правете го 10 пати наутро и навечер. Ќе се чувствувате добро и здраво!

**М. Серафимовски**

# Несоницата носи ризик од срцев удар

Неодамнешна студија покажала дека луѓето кои имаат потешкотии во заспивање имале до 45 % зголемен ризик од срцеви проблеми во однос на оние кои доволно спијат и лесно заспиваат.

– Проблемите во спиењето се чести особено кај постарата популација, но за среќаи можат лесно да бидат отстранети. Важно е луѓето да бидат свесни за оваа врска помеѓу несоницата и срцевиот удар и да зборуваат со својот лекар ако ги забележат симптомите. – изјавил главниот истражувач, доктор Ларс Ерик Лаугсанд од Норвешкиот Универзитет за Наука и Технологија во Трондхајм.

Студијата пак објавена во списанието: Јоурнал оф тхе Америцан Хеарт Ассоциатион, го анализирала срцевиот ризик поврзан со три големи симптоми на несоница споредени со луѓето кои ретко или никогаш ги немале овие проблеми.

Авторите откриле дека луѓето кои имале проблеми со заспивање речиси секој ден во последниот месец, имале 45 % повисок ризик од срцев удар. Луѓето кои постојано се буделе речиси секоја ноќ во последниот месец имале 30 % повисок ризик од срцев удар. И конечно, луѓето кои не се разбудиле одморени наутро повеќе од еднаш во неделата имале 27 % поголем ризик од срцев удар. Ризикот од срцев удар исто така се зголемува со секој дополнителен симптом на несоница.

Студијата била извршена врз 52.610 возрасни норвежани кои одговарале на прашања за несоница како дел од национална здравствена анкета.

Исто така, истражувачите ги анализирале болничките досиеја и норвешкиот Регистар за причини за смрт и при тоа идентификуваат 2 368 луѓе кои претрпеле срцев удар во наредните 11 години, а пателе од несоница и нарушување на сонот. Истражувачите анализирале и други фактори како возраст, пол, брачен статус, ниво на образование, крвен притисок, холестерол, дијабетес, тежина, вежбање и работа. Тие во предвид ги зеле и депресијата истресот, две причини кои најчесто водат кон несоница.

Според истражувачите 33 % од луѓето искусуваат минимум еден симптом на несоница. И претходни помали студии ја поврзале несоницата со срцеви проблеми, вклучувајќи висок притисок и срцеви удари.

Сепак, не е откриен механизмот зошто несоницата е поврзана со зголемен ризик од срцев удар. Некои научници сметаат дека тоа е така затоа што проблемите со спиењето влијаат врз ризичните фактори за срцев удар и убрзуваат тој да се случи.

Инаку, како што е познато постојат голем број лекови и таблетки за спиење кои можат да ја избркаат несоницата. Лекарите сепак препорачуваат природни начини, а не таблеки при справување со несоницата. **М.Д.**

# Вакцина против рак на белите дробови



Ракот е втора причина за смртност, веднаш по кардиоваскуларните заболувања: ако во 1995 година од оваа болест умирале 129 на 100.000 жители, за само десет години – во 2006 – стапката е зголемена на 167 лица, односно за 38 лица. Во Македонија годишно се регистрирани околу 7.000 новозаболени. Најчесто малигно заболување кај мажите е ракот на белите дробови, на желудникот и дебелото црево, на простатата, а кај жените коси ракот на дојката, дебелото црево и на грлото на матката, предупредуваат податоците од здравствените институции, според кои најмладата пациентка што била оперирана од рак на дојката во земјата има само 19 години.

Така е во Македонија, но така е и во регионот. Сликата е нешто поинаква во високоразвиените земји, но и таму стапката на заболени не е за потценување иако постои превентивна заштита на повисоко ниво. Болни од рак има се повеќе, па затоа се бараат нови начини на лекување, нови лекови и вакцина.

Така неодамна здравствените власти во Куба одобрија нов лек против ракот на белите дробови, кој може да се користи и како вакцина.

Развојот на CimaVax-EGF од специјалистите при Центарот за молекуларна имунологија во Хавана траела цели 25 години. При тестирањето, со учество на илјадници пациенти, земањето на CimaVax-EGF во комбинација со традиционалната хемотерапија значително го продолжил животот на пациентите болни од рак.

– Препаратот дејствува и како вакцина, бидејќи во голема мера може да го спречи создавањето на канцерогени клетки во белите дробови, вели д–р Гизела Гонзалес, која го претстави официјално CimaVax-EGF.

Засега, сепак лекот е одобрен само за пациенти со рак од III и IV степен, на кои не помага ниту лекување со лекови, ниту зрачење и хемотерапија. Пациентите ќе го добиваат препаратот бесплатно.

Во Куба, каде што пушењето е широко распространето, од рак годишно умираат околу 20 илјади болни од рак. Пушењето се смета дека е ризик број еден за заболување од рак на белите дробови, ризик за срека на кој може да се делува, многу едноставно со добра волја и откажување. **К.С.А**

# Лимонот уништува канцерогени клетки



Лимонот е чудотворен производ кој ги убива канцерогените клетки, тврдат од научниот институт за здравје во Балтимор, Мериленд, САД.

Ова растение е десет илјади пати појак од некои лекови кои се користат за хемотерапија на канцер. Лимоновиот сок, благотворно, дејствува во спречување на малигни болести, тврдат истражувачите. Покрај што е лековит, лимунот има пријатен вкус и не создава страшни последици како хемотерапијата..

Информацијата за дејството на лимонот во уништување на малигните клетки ја лиферувала еден производувач на лекови во светот, кој тврди дека по 20 години работа во лабораторија, биле докажани неговите својства во лекување на дванаесет врсти рак, како што се рак на дебело црево, дојка, простата, белите дробови и панкреас.

Лимонот делува доста ефикасно и врз апсорбирање од страна на организмот на повеќе видови цисти

Исто така, се тврди дека лимонот е антимикробски агенс со широк спектар против бактериски инфекции и габи, а е ефикасен и против интерни паразити и црви. Покрај тоа, лимонот го регулира и високиот крвен притисок, ги смирува нервните растројства и дејствува антидепресивно.

Затоа ако имате можност засадете лимон на терасата балконот или во градината, но во саксија за да може да го засолните кога ќе дојдат студови и снегови. Инаку, како што на многумина им е познато, стеблото на лимонот не расте високо, не зафаќа многу простор и раѓа доста плодови. Неговите цветови многу убаво мирисат и се користат и за аромо терапија.

**Т. Гавровска**

# Бесот и и стресот се причинители на многу болести

Новите истражувања откриваат дека по расправијата бесот останува забележан во телото и со тоа го зголемува крвниот притисок. Исто така научниците тврдат дека притисокот расте за време на расправијата. Во истражувањата кои беа извршени на Универзитетите во Колумбија и Калифорнија, се наведува дека лутината го зголемува ризикот од болести на срцето бидејќи стрес хормоните ги затнуваат крвните садови, го зголемуваат крвниот притисок и го забрзуваат работењето на срцето. Научниците предупредуваат дека мора да се обрне внимание на овие нус појави. Заклучокот на студијата е дека ефектот на лутина влијае врз општото здравје за време на расправијата, но и по неа.

Еве неколку симптоми кои упатуваат на заклучок дека вашиот бес (можеби) е надвор од контрола и ве држи под стрес:

>Делумно или целосно сте ги прекинале сите односи со некои членови на фамилијата или блиските пријатели.

> Тешко ви е да се опуштите и да се забавувате. Сте се оддалечиле од луѓе кои порано ви биле блиски и од активностите во кои некогаш сте уживале. Причина? Премногу ве нервираат или пак ви се напорни.

> Добивате критики од другите за начинот на кој реагирате на стресните ситуации.

> Своите здравствени тегоби (главоболката, хроничната слабост, депресијата, болките во вратот и грбот ги поврзувате со хроничниот стрес.

Некои луѓе бесот го манифестираат отворено, со викање или карање, а некои ги криjат негативните чувства. Меѓутоа и скриениот бес може да се манифестира и на индиректен начин и тоа во форма на константно приговарање, оговарање... Преголемото уживање во пијачките или храната, исто така е чест облик на ублажување на чувствата и борбата против придушениот бес и стрес. Секако, потиснувањето на негативните чувства може да го загрози здравјето. Контролирањето на бесот и стресот се учи. Кога ќе се изгуби контролата, бесот може потполно да го загрози вашиот нормален живот, емотивната врска, како и резултатите од работа. Доколку не умеете на правилен начин да ги контролирате вашите чувства, тогаш обратете се на стручно лице за помош.

И на крајот еве една добра вест во врска со стресот. Научниците од Калифорнија тврдат дека се на чекор до вистинската формула за вакцина против стрес. Една инјекција, како што откриваат, би била доволна да се опуштиме после било каков напор. По триесет години истражување и потрага по лек против стрес, професорот од неуролошкото одделение од Универзитетот во Стенфорд во Калифорнија, д–р Роберт Саполски верува дека одредениот лек може да ја промени хемијата во мозокот и на тој начин да направи состојба на "мир". Научникот тврди дека е многу блиску до откривање на генетски направената формула која ќе ја оттргне потребата за третман за опуштање и лекови. Ако се земе во предвид во кое време живееме и последиците кои стресот ги остава на срцето и целиот организам, не чуди што интересот за оваа вакцина е огромен. Дотогаш дружете се, шетајте, слушајте музика и смејте се и заборавете на лутината и бесот за да бидете здрави и вие и сите околу вас.

**Подготвила: М. Дамјаноска**

# Препораки и едноставни вежби за нозе со проширени вени

Како последица на отежнато враќање на венската крв од долните екстремитети кон срцето настанува слабост на вените на нозете, односно т.н. венска инсуфициенција. Тегобите кои се јавуваат при тоа се: болки, грчеви и чувство на тежина, како и отекување на нозете по долго стоење или седење. Варикозитите на нозете се карактеризираат со видливи и вијугави проширени вени, благи или големи отоци, воочливи капилари на кожата, а во краен стадиум рани кои тешко заздравуваат во вид на чиреви. Причина за создавање проширени вени е: работно место со долго стоење или седење, тешка физичка работа, бременост, зголемена телесна тежина и др., но видна улога има и наследниот фактор. Која и да е причината битно е да се знае како превентивно да се преземат одредени мерки, а ако веќе се присутни како да се ублажат симптомите и проблемите.

Еве неколико совети за подобрување пред сѐ на циркулацијата на крвта, што претставува најдобра превенција против проширени вени.

● Долготрајното седење или стоење многу е напорно и штетно за вените. Затоа ако во ваква состојба почувствувате непријатност во нозете, подигнете ги и спуштете ги прстите на нозете неколку минути. Потоа свиткајте ги прстите кон петите и НИКОГАШ не ги прекрстувајте нозете.

● Циркулацијата страда и од носење тесна облека и тесни кондури без врвки. Не треба да се носи облека или ремен кој да ја стега половината.

● Одете секојдневно најмалку 30 минути, бидејќи тоа е најдобар начин да се активираат малите крвни садови на стапалата. При секој чекор крвта се потиснува нагоре кон срцето и ја подобрува циркулацијата.

● Пливањето е идеално за добра циркулација бидејќи водата го олеснува протокот на крвта низ вените. Пливајте ако сте во можност барем половина час дневно.

● Со секојдневно туширање правете хидромасажа на нозете. Со топла и ладна вода, наизменично треба да се тушираат нозете кои имаат проширени вени. Навечер во млака вода се става една рака сол, неколку листови рузмарин и ако нозете се доста отечени и уште две раце маточина.

● Температурата на водата треба да биде околу 36 степени. Во оваа мешавина се држат нозете, потоа се бришат и се тријат од прстите кон петата.

● Исто така добро е наутро и навечер во лежечка положба да ги подигнете нозете околу 15 сантиметри над срцето. Само по пет минути ќе почувствувате дека нозете ви стануваат полесни.

Интересна е и кинеската традиционална терапија на проширени вени која ја употребува Д–р Маошинг Ни. Тој својот третман го фокусира на јакнење на мускулите на нозете, ѕидовите на вените и поттикнување на протокот на крвта низ вените.

**- Ако имате јака болка, крварење или отоци околу варикозните вени, би требало веднаш да се обратите на специјалист за васкуларни болести. Во своја клиничка практика, имав успех во лечење на овие проблеми со употреба на комбинација мелеми и облоги, на акупунктура, електрични стимулации по должината на вените, како и со акупресура на одредени точки, како еден вид на само помош.**

Покрај ова Д–р Маошинг Ни препорачува и дневни вежби кои треба да се прават секој ден два пати по 10 минути. Штом ќе се разбудите, поттикнете ја циркулацијата со десетоминутна вежба: лежејќи на грб, рацете ставете ги под задникот, и движите ги нозете како да возите велосипед. Правете го тоа и навечер.

Другата негова стратегија во лечењето и во исцелување на локалните варикозни вени е со растителна терапија од мелеми и облоги од разни растенија со цел да се намали нивното отекување и дисколорацијата. Најпознати кај Кинезите, но и кај нас се костенот, рузмаринот, невенот и други. Еве што препорачува Д–р Маошинг Ни:

● Масирајте ги нозете со кремови за вени кои ги ублажуваат симптомите од проширени вени. Најдобри се препаратите кои содржат екстракти на див костен и етерично масло од рузмарин заради нивното микроциркулациско дејство и подобрување на тонусот на ѕидовите на вените. Исто така благотворни се и препаратите од екстракт на невен кои можат да ги намалат болките, чувството на жарење, печење и црвенил, симптоми кои го следат заболениот венски систем.

● Користете екстрактот од семки на грозје кои содржат биофлавоноиди, бидејќи тие се многу моќни природни антиоксиданси и како такви му користат на циркулаторниот систем подобрувајќи му ја капиларната и венската функција. Исто така тие влијаат и врз намалување на подливите, на отоците како последица на повреда или траума, на варикозните вени и отекувања на нозете од најразлични причини. Еден практичен начин да се внесе доволно семки на грозје е земање на суплементи од нив.

Ова е кинеска терапија препорачана од Д–р Маошинг Ни, која веројатно помага, но пред било што да пробате или да практикувате консултирајте се со лекар специјалист за васкуларни болести. Најверојатно сето ова нема да ве излечи, но ќе ви овозможи да се чувствувате добро. Кај секоја хронична болест, па и кај оваа битно е да е болеста под контрола и да научите да „другарувате" со неа.

**подготвила: Таска Гавровска**



ПОШТЕНСКА БАНКА АД
За пензионерите,
клиенти на **Поштенска Банка**
ПОШТЕНСКА БАНКА АД
ПОШТЕНСКА БАНКА
МОЈА БАНКА !
● Флексибилно пензионерско штедење до **4,5%**
● Орочено денарско штедење до **9,40%**
● Кредити до **500.000 ден**. со каматна стапка од **10,9%**
● Кредит до **90.000 ден**. - без жиранти
● Изнајмување на сеф во просториите на Дирекцијата на банката на **ул. 27 Март б.б.** (Мал ринг)
• Достапна и брза услуга на шалтерите на Македонска Пошта
• Достава на пензиско известување на домашна адреса
МАКЕДОНСКА ПОШТА
ул. 27 Март б.б. тел: 02 3140 229 и 02 3140258
www.postbank.com.mk




## ЗАНИМЛИВОСТИ - ЧУДНА НАУКА

**Мачка која свети во темница -** Во 2007 година јужно корејските начници со генетска модификација „произвеле" мачка која свети во темница, а потоа со клонирање создале цела палета на флуо–росцентни мачки. Мачката што свети направена е со клетки од кожата на турси женски мачки–ангорки и вирус за создавање на протеин кој има црвен флуоросцентен сјај. Клонираните ембриони биле имплантирани назад во мачките донатори кои претставувале еден вид сурогат мајки за своите клонови.

**Растенија борци против загадување на околината -** Науч–ниците од Универзитетот во Вашингтон со инжинеринг создале нов вид топола која може преку своите корени да ја апсорбира контаминацијата во загадените води и почви. Растенијата загаду–вачките материи ги претварале во безопасни нуспроизводи кои ги задржувала во своите корени, стебла и листови или ги испуштале во воздухот. Овие т.н. трансгени растенија биле во можност да го прочистат воздухот во САД и до 91%. Обичните тополи тоа го прават само во 3%.

**Отровна зелка -** Научниците произвеле ген кој претставува комбинација на генот од зелка и отровот што го има во опашката на шкорпијата. Интересно е тоа што оваа отровна зелка не е отро–вна за луѓето, туку само за гасениците.

**Коза производител на супер јаки влакна -** Свилени конци направени од протеин кој се содржи во пајаковата мрежа високо котираат по својата флексибилност, јачина и примена. Се употре–буваат за јажиња за подобранци, за вештачки лигаменти, за соз–давање на „ткаенина" за крпење на оштетени човечки ткива и органи итн... Во 2000 година создадена е коза која дава млеко кое го содржи протеин ист како во пајаковата мрежа со вметнување на ген за „свила" од пајак во ДНК на коза! Ова „свилено млеко" е сировина и за создавање на материјал наречен биочелик.

**Лосос кој брзо расте -** Аквабоунти е генетски модифициран лосос кој расте два пати побрзо од обичниот. Велат дека рибата има исти изглед, боја, вкус и мирис како обичниот лосос. Овој „нов" лосос создаден е со додавање на хормон за растење од Chinook лосос и ген од јагула. Полемиката дали не е штетен за јадење сеуште трае..

**Постојано свеж домат -** Овој домат е прв комерцијално произведен домат со генетска модификација за кој има одобру–вање дека може да се користи како храна уште во 1994 година. Доматот е произведен со додавање на антисенс ген со кој се успорува процесот на зреење со цел да се спречи омекнување и трулење на плодот, а при тоа доматот го задржува вкусот, тврди–ната и бојата.

**Банана вакцина -** Многу скоро луѓето наместо да се вакцини–раат од хепатит Б или колера, ќе изедат само банана–вакцина! Кога ќе се вбризга вирус во бананата тој многу брзо станува составен дел на билката. Како расте билката нејзините клетки произведуваат протеин ист како вирусот, но кој не е заразен за луѓето. Кога луѓето ќе каснат од оваа банана нивниот имунолошки систем почнува да произведува антитела за борба против болес–та исто како што тоа го прави вистинската вакцината. Призведени се генетски модифицирана банана, компир, салата, морков и тутун во кои може да се уфрлат гени од векцина и кои посебно се интересни за сиромашните африкански земји.

## КРСТОЗБОР




## Хумор

Прашуе га дедо Симе своега унука:

– Сакаш ли унуче малко ја и ти да разговарамо за секс?

– Нема проблем дедо, ајде кажи што те интересира?

* * *

Отишја Кумановец куде доктора и му вика на доктора: – Докторе уапа ме змија!

– Куде те уапа? –прашуе га доктор.

– На њиву.

– Не те прашују тој, него на кое место те уапа

– Под ора док, једеше.

* * *

Запослија се Симе у Југ Турист како возач на автобус, и шеф Миле му вика:

– Симе знаеш каква ни е ситуација с'с фирму, па ќе мора сам да возиш и да наплаќаш карте.

– Нема проблем шефе, знаеш дека ме бива за све.

– Пошја Симе на прву релацију и превртија се с'с авто–бус у некоју провалију. Шеф отишја да га посети у бол–ницу и прашаја га како се превртеја:

– Ништо не знам шефе. Ја беше позади у автобус и наплаќа карте к'д се автобус сурва у провалију.

* * *

Судијата го прашува Перо на кој му се удавила жената в река:

– Како се удави, нели виде дека се дави?

– Јас воопшто не претпоставував дека се дави. Она викаше и се дереше силно исто како што и обично вика по дома.

* * *

Келнер носи чинија со кременадла и ја придржува со палецот.

–Така ли се служи храна?!– се буни гостот.

– А како? Зар да рескирам да ми падне и по трет пат пред да ти ја донесам!

* * *

Трајче му се жали на Трпе:

– Знаеш ли ти дека жена ми ме изневерува со петелот? Најдов пердуви во креветот!

– Еееее, тоа не е ништо страшно! Мене жена ми ме изневерува со камионот што разнесува млеко.

– Аман бе. Од каде знаеш?!

– Го најдов возачот во мојот кревет!

## Лавот и зајакот



Еден лав нашол зајак и се готвел да го изеде, но во тој момент забележал елен.

Лавот го оставил зајакот и почнал да го гони еленот. Кога го видел тоа зајакот рипнал и избегал.

Лавот пак, откако не успеал да го фа–ти еленот, се вратил по зајакот, пакога видел дека и него го нема, извикал:

– Така ми! Барајќи нешто поголемо, го загубив и тоа што го имав.

М.Т.

Одбележан Денот на ослободувањето на Скопје

# Шаховски турнир во чест на празникот

Сојузот на здруженијата на пензионери на град Скопје, во рамките на одбележувањето на 65– годишнината од пензионерското организирање, а по повод празникот 13 ноември – Денот на ослободувањето на Скопје, под покровителство на директорот на



Подрачната единица на Фондот ПИОМ во Скопје Дејан Ѓорѓевски, на 11 ноември организираше шаховски турнир на кој учествуваа претставници на здруженијата од Сојузот и се натпреваруваа во женска и во машка конкуренција. На отворањето на овој 10–ти по ред јубиларен шаховски турнир присуствуваа: градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, пом. директорот на ФПИОМ Трајко Премчески, началникот Љубен Вељановски и директорот на Подрачната единица Дејан Ѓорѓевски, претседателите на ИО на здруженијата на пензионери од Градскиот сојуз и други љубители на древната игра.



На почетокот, во име на организаторот и домаќинот ЗП Центар зборуваше претседателот на Градскиот сојуз Крсте Ангеловски, кој ги поздрави гостите и им посака успех на учесниците. Притоа тој го истакна придонесот на градоначалникот Трајановски во подобрувањето на животот на пензионерите, покрај другото, за реновирањето на Рекреативниот центар во Катланово, воведувањето бесплатен превоз со автобусите на ГСП двапати во неделата, бесплатното користење на Жичарницата до Милениумскиот крст на Водно и друго. Изразувајќи благодарност за поканата и присуството на овој настан, градоначалникот Коце Трајановски ја истакна добрата соработка со СЗПМ, Градскиот сојуз и другите здруженија на пензионери. Тој рече дека и понатаму ќе се залага на сите нивоа поголемо внимание да им се посветува на пензионерите, да се одредат посебни ставки и повеќе финансиски средства да се издвојуваат, градоначалниците на општините да помогнат во формирањето ЗП таму каде што ги нема, исто така, да се потпишат договори за соработка со ЗП, а посебно го нагласи настојувањето да се изгради пензионерски дом во општина Центар, за што има изгледи повеќе финансиски средства да се издвојат наредната година.



Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски во својот поздравен говор го потенцираше значењето на шаховскиот турнир како придонес кон одбележувањето и на Јубилејот на СЗПМ – 65 години од пензионерското организирање и изрази благодарност до градоначалникот на Скопје за соработка со пензионерските здруженија во Скопје. Покровителот на турнирот Дејан Ѓорѓевски ја истакна грижата на ФПИОМ за подобар живот на пензионерите и ја повтори најавата на Владата дека во наредните години ќе има последователно зголемување на пензиите, а на пензионерите им порача повеќе да му се посветат на здравиот живот,да шетаат, да играат шах и слично, зашто тоа го јакне умот и го зацврстува духот и здравјето. Тој го повика градоначалникот на Скопје со повлекување на првиот потег да го отвори турнирот, а како покровител, за подобрување и развивање на шаховската игра во Градскиот сојуз на ЗП, донираше комплет од шаховски конфигурациии.

Турнирот беше одржан во беспрекорна организација и фер–плеј натпревар, а за најдобра екипа во женска конкуренција беше прогласена екипата на ЗП Центар и во машка конкуренција, екипата на ЗП ОВР Скопје. Благодарници за учеството во турнирот на сите претставници на здруженијата им врачи претседателот на Градскиот сојуз, д–р Крсте Ангеловски.

**М.Д.**

Портрет на Илија Ѓоргов

# Ученичкиот хор го замени со пензионерски

Примерот со музичкиот педагог Илија Ѓоргов од Струмица најдобро потврдува дека креативноста и љубовта кон музиката не згаснуваат и по пензионирањето.

Кога пред пет години ги исполни условите за пензионирање работејќи како наставник по музичко образование во општинските основни училишта “Гоце Делчев” Василево и “Никола Вапцаров” во Струмица, Илија Ѓоргов едноставно продолжи со активна работа заменувајќи го ученичкиот хор и оркестар со пензионерски.

– Во Здружението на пензионери наследив женска пејачка група. Веднаш објавив оглас и преку аудиција извршив избор на мешовит пензионерски хор од 13 женски и машки членови. Во меѓувреме бројот на хористите се зголеми на 30. Истовремено формирав и оркестар “Етно” од 7 членови и создадовме музичко–пејачка група составена од членови кои многу сериозно се однесуваат кон работата и тоа е основниот мотив за работа и успеси . Постојано работиме на збогатување на репертоарот со нумери од сите жанрови. До овој момент пред секој настап одржуваме по една до две проби и така мислиме да продолжиме–вели Илија.



Хорот и оркестарот на струмичките пензионери е стожер на културно–забавниот живот на Здружението. Тој редовно настапува на сите собири, настани, свечености. Настапите на фолклористите секогаш се наградуваат со аплаузи и тоа е најдобар доказ за поддршката од членовите на Здружението.

Хорот и оркестарот настапуваат редовно на сите регионални музички ревии во Македонија Освен тоа досега имаат настапуванно 10 пати во регионот на Струмица, а во живо имаат настап и на програмата на МТВ.

Меѓу членовите на ансамбалот е присутна идејата, во програмата да воведат и уметничко читање, а во блиска иднина очекуваат реализација на нивната желба за издавање на ЦД со песни од својот репертоар.

Членовите на оваа музичко–пејачка група не го кријат и задоволството од соработката со Здружението на пензионерите и неговите тела, со желба таа да продолжи и понатаму.

**И. Станоев**

ЗДУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# Во посета на Геријатриската болница „13 Ноември“

Во програмата за работа на активот на жени – пензионерки Ѓорче Петров, посебно е акцентрирана потребата од грижа за стари и изнемоштени лица – пензионери . Во пресрет на Неделата за грижа на стари и изнемоштени лица која се одбележува од 21 до 27 Ноември, Активот на жени пензионерки беше во посета на болните пензионери сместени во Грцијатриската болница во Ѓорче Петров. Тие на нивните колеги им однеле скромни подароци. Поразговараа со нив за нивното здравје, за условите, за престојот во болницата и за грижата за нивното здравје.



Големо беше задоволството и благодарноста на болните што ја изразија за посетата. На разделбата обострано беше искажана желба ваквите посети да бидат почести. Се договорија пред новогодишните и божиќните празници повторно да се видат.

**Д. Димишковска**

Средба на активи на жени пензионерки

# Пријатно другарување со поезија

На 12 ноември во ресторанот „Парк” во Куманово се одржа поетско–музичка средба на која на над 300 пензионери со свои творби им се претставија десетина поетеси и поети. По сопствен избор од своето поетско миље, лични творби изрецитираа: Сунчица Младеновиќ од Врање, Спаса Јанкулеска од Демир Хисар, Нада Алексова од Велес, Миодраг Јовановиќ од Гази Баба, Ѓурѓа Фимчева од Кратово, Милица Трпеска од Кочани, Фотија Стојчевска од Куманово, Нада Шукарова од Радовиш, Цвета Спасикова и Благој Давчевски од Штип.



Презентираните песни беа вистинско доживување од најразлични импресивни случки во животот, нанижани како бисерен гердан. Во забавниот дел од средбата, низ игри песни и весело расположение, неизмерно беше задоволството што се создаде можност за дружење на птијателите и размена на доживувањата од порано.

**Спирко Николовски**

Здружение на пензионери „Кисела Вода” Скопје

# Хоби поетеса

Во чест на големите празници на македонскиот народ „11 Октомври” денот на антифашистичкото востание и „23 Октомври” – денот на македонската револуционерна борба, Огранокот на пензионери „Цветан Димов” од ЗП „Кисела Вода” – Скопје, организираше, во склоп на својот традиционален серијал „Претставување на талентирани пензионери”, промоција на хоби поетесата Махи Марковска.

За оваа пригода беа поканети претседателот на Собранието Доне Тодоровски, претседателот на Извршниот одбор Благоја Арсиќ, како и претседателите на другите ограноци на нздружението.

Уводно излагање имаше претседателот на огранокот „Цветан Димов” Драган Јовановски, кој на кратко го раскажа животниот пат на Марковска при што истакна дека творбите на авторката воглавно се инспирирани од нејзините длабоки патриотски чувства и нејзиниот тежок животен пат, како дете бегалец од Беломорска Македонија во источноевропските земји Романија и Советскиот сојуз. Исто така нагласи тој, дека не е стручен за да ја процени вредноста на стихотворбите, ама е сигурен во тоа дека имаат висока емоционална вредност.

Во продолжение на претставувањето, авторката ги прочита своите



стихотворби: „8 Септември”, „11 Октомври”, „Македонија”, „Македончиња”, „Трендафилка – Роза”, „Оревот”, „Пензионери” и “Љубов”.

Со големо внимание и љубопитност беа ислушани нејзините песни .

Потоа се разви богата дискусија од голем број присутни пензионери, при што беа искажани многу пофални зборови за авторката.

**Л. Шулева**

# Во трета животна доба пишува три книги

Пензионерот Баки Бакиу, на 28.10.2011, во салата на општина Сарај, ја промовираше книгата „**Скопски дервен низ векови”.** Преполна беше салата со посетители, љубители на пишаниот збор. Оваа е трета негова книга издадена по неговото пензионирање и тоа во текот на само четри години.




Книгата се состои од 17 поглавја каде покрај податоци од турско време, ги има опфатено скоро сите сфери, преку кои можат да се видат многу нешта, како биле пред скоро 400 години до денес. Книгата има 275 страници како и над 120 слики, фотографирани од самиот автор. Инаку, Баки Бакиу, е член на Собранието на ЗП на општина Сарај и на Собранието на ЗП на Градот.

Баки Бакиу е роден во 1939 година во Рашче, а од 1970 година живее во Сарај. По завршувањето на учителската школа и Педагошката академија, завршил и Филозовски факултет Сф. Кирил и Методиј во Скопје – групата педагогија. Цел работен век работеше во образование, во основно и средно а последната деценија од работни,от век беше Самостоен педагошки советник во тогашниот Републички педагошки завод во Скопје.



Во оваа трета животна доба на животот ги има издадено и книгите: „**Развојот на образованието на албански јазики во скопскиот дервен 1945 - 2005”** , како и книгата „**Учителите на учителската школа од скопскиот дервен”.** Во 2008 година е и коавтор на учебник по мајчин јазик во II одделение...

Кога го прашавме како тоа го постигнува, ни одговори “Кога пишувам книги, не се чувствувам дека сум во трета животна доба. Доволно е да се има желба и мотив за работа и се е лесно”...

**С.Бакиу**

Од 21 до 27 ноември е „Недела на грижа за стари лица”. По тој повод министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски на прес конференција рече:

„Секое старо лице има право на достоинствен живот во староста, на основните услови за живот, коишто нема да го нарушат интегритетот и достоинството на старото лице, на достапноста до сите ресурси неопходни за живеење. Секое старо лице има право да биде почитувана единка во општеството и да биде вклучено во донесување на одлуки за општествениот живот, посебно на прашањата кои се однесуваат директно на старите лица”